# СЛУЖБЕН ЛИСТ

## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. – Огласи според тарифата – Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-21943

Четврток, 31 декември 1987

БЕЛГРАД

БРОЈ 87 ГОД. XLIII

Цена на овој број е 680 динари. – Претплатата за 1987 година изнесува 12.500 динари. – Рок за рекламации 15 дена. – Редакција Улица Јована Ристића бр. 1. Пошт. фах 226. – Телефони: Централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756

**1125.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ВКУПНИОТ ПРИХОД И ДОХОДОТ

Се прогласува Законот за измени и дополненија на Законот за вкупниот приход и доходот што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 30 декември 1987 година.

П бр. 798
30 декември 1987 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
**Лазар Мојсов,** с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Марјан Рожич,** с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ВКУПНИОТ ПРИХОД И ДОХОДОТ

Член 1

Во Законот за вкупниот приход и доходот („Службен лист на СФРЈ", бр. 72/86, 42/87 и 65/87) во член 8 зборовите: „и здруженијата на граѓаните што користат општествени средства" се бришат.

Член 2

Во член 12 став 1 точка 2 зборовите: „под услов кредитот да е одобрен и покриен со слободни средства од сопствени извори односно со кредит примен за тие намени" се бришат.

Во став 2 бројот: „2" се заменува со бројот: „1".

Став 3 се брише.

Член 3

Во член 26 став 1 се бришат зборовите: „што се надоместуваат во целост од вкупниот приход во пресметковниот период во кој се направени".

Член 4

Во член 27 став 1 по точка 9 се додава нова точка 10, која гласи:

„10) износите на неамортизираната вредност на кусоците на основни средства во делот во кој не ги надоместува одговорното лице,".

Досегашните точ. 10 до 14 стануваат точ. 11 до 15

Став 2 се менува и гласи:

„Под сомнителни и спорни побарувања од став 1 точка 11 на овој закон, за кои исправката на вредноста се врши во полн износ на побарувањата врз товар на вонредните расходи, се подразбираат:

1) побарувањата со чија наплата не се утврдува вкупниот приход, ако не се наплатени во рок од 60 дена од денот на втасаноста;

2) побарувањата содржани во примените инструментите за обезбедување на плаќањето на кои им изминал рокот на втасаност.".

Член 5

Член 28 се менува и гласи:

„Основната организација на крајот на пресметковниот период врши ревалоризација на предметите, материјалните права и другите средства односно на изворите на средства што сочинуваат општествени средства, заради усогласување на нивната вредност искажана во книговодството и содржана во реализираните производи и услуги со пазарните цени односно заради одржување на реалната вредност на средствата и на изворите на средства.

Позитивната разлика што ќе се утврди со усогласување на вредноста на предметите и материјалните права од став 1 на овој член се смета како ревалоризационен приход кој, заедно со ревалоризационите приходи според други основи, се користи за надоместување на ревалоризационите расходи.

Основната организација на крајот на пресметковниот период врши контролна ревалоризација на трајните извори на деловни средства намалени за делот од деловниот фонд користен за покритие на загубите. Контролна ревалоризација се врши со примена на коефициентот на порастот на цените на производителите на индустриски производи во пресметковниот период врз просечната состојба на трајните извори на деловни средства.

Основната организација може контролната ревалоризација од став 3 на овој член да ја намали за нето ефектите од курсните разлики поради:

1) побавниот растеж на средниот курс на странските валути во пресметковниот период од растежот на цените на производителите на индустриски производи според дадените девизни долгорочни кредити и пласмани;

2) побрзиот растеж на средниот курс на странските валути во пресметковниот период од растежот на цените на производителите на индустриски производи според примените девизни долгорочни кредити и пласмани.

Ако намалувањето на контролната ревалоризација утврдено според одредбите на став 4 од овој член е поголемо од контролната ревалоризација утврдена според одредбите на став 3 од овој член, основната организација, најмногу до износот на таа разлика, за вишокот на ревалоризационите расходи над ревалоризационите приходи по завршната сметка ги зголемува ревалоризационите приходи врз товар на ревалоризационите резерви. Ако ревалоризационите резерви не се доволни, ревалоризационите приходи се зголемуваат и врз товар на другите сопствени фондови според следниот редослед: врз товар на резервниот фонд, фондот за унапредување на материјалната основа на трудот и деловниот фонд, најмногу до нивното потполно искористување. Доколку износот што недостига по потполното искористување на сопствените фондови потекнува од примени девизни долгорочни кредити и пласмани за основни средства, истиот може да ѝ се припише на набавната вредност на основните средства на-

бавени од тие кредити и пласмани, во согласност со одредбите на овој закон.

Под ревалоризациона резерва, во смисла на овој закон, се подразбира вишокот на ревалоризационите приходи над ревалоризационите расходи и контролната ревалоризација.

По исклучок од одредбата на став 5 од овој член, делот од вишокот на ревалоризационите расходи над ревалоризационите приходи што според одредбите на тој став може да се покрие врз товар на сопствените фондови, основната организација може да го покрие и врз товар на вишокот на ревалоризационите приходи на другите организации од составот на иста работна односно сложена организација на здружен труд, во согласност со самоуправната спогодба.

За вишокот на ревалоризационите расходи над ревалоризационите приходи кој не е надоместен според одредбите на ст. 5 и 7 од овој член, основната организација по завршната сметка ги зголемува ревалоризационите приходи врз товар на ревалоризационите резерви. Ако ревалоризационите резерви не се доволни, основната организација по периодичната пресметка и завршната сметка ги зголемува ревалоризационите приходи врз товар на другите трошоци на работењето од член 26 став 4 на овој закон.

Ако контролната ревалоризација утврдена според одредбите на ст. 3 и 4 од овој член е поголема од вишокот на ревалоризационите приходи над ревалоризационите расходи, по завршната сметка основната организација за износот што недостига ги зголемува ревалоризационите приходи врз товар на ревалоризационите резерви, а износот на котролната ревалоризација го внесува во деловниот фонд. Ако ревалоризационите резерви не се доволни, ревалоризационите приходи се зголемуваат врз товар на непокриените ревалоризациони расходи, односно врз товар на другите трошоци на работењето од член 26 став 4 на овој закон. Непокриените ревалоризациони расходи утврдени по завршната сметка се надоместуваат во наредната година од вишокот на ревалоризационите приходи над контролната ревалоризација, а ако тој вишок не е доволен - и врз товар на другите трошоци на работењето од член 26 став 4 на овој закон, најмногу по 1/12 месечно.

Ако намалувањето на контролната ревалоризација утврдено според одредбите на став 4 од овој член е помало од контролната ревалоризација утврдена според одредбите на став 3 од овој член, а таа разлика е помала од вишокот на ревалоризационите приходи над ревалоризационите расходи, основната организација по завршната сметка износот кој недостига го внесува во ревалоризационите резерви врз товар на ревалоризационите расходи, а износот на контролната ревалоризација го внесува во деловниот фонд. Непотрошените средства на ревалоризационите резерви по истекот на две години се внесуваат во деловниот фонд.

Во смисла на овој закон:

1) под предмети што претставуваат општествени средства се подразбираат основните средства, суровините и материјалот, резевните делови, ситниот инвентар, авто-гумите, амбалажата, недовршеното производство на производи и услуги, полупроизводите и деловите од сопствено производство, готовите производи и стоки;

2) под материјални права што претставуваат општествени средства се подразбираат правата на користење средства на други лица, правата на патенти и на технологија, средствата за иновации и вложувањата за унапредување на производството;

3) под ревалоризациони приходи се подразбираат ревалоризационите приходи од ст. 2, 5 и ст. 7 до 9 на овој член, пресметаните приходи по основа на ревалоризацијата на динарските побарувања, ако се предвидени со самоуправна спогодба односно со договор или со закон и пресметаните позитивни курсни разлики по кредитите и другите пласмани;

4) под ревалоризациони расходи се подразбираат пресметаните расходи по основа на ревалоризацијата на динарските обврски, ако се предвидени со самоуправна спогодба односно со договор или со закон, негативната разлика што ќе се утврди со усогласување на вредноста на стоките со пазарните цени и пресметаните негативни курсни разлики, како и вонредните приходи што во согласност со одредбите на овој закон се пресметани врз товар на ревалоризационите расходи.

Од обврската за ревалоризација се изземаат предметите и материјалните права што исклучително служат за воени потреби и за потребите на општонародната одбрна, како и имотот на Црвениот крст.".

Член 6

По член 28 се додаваат три нови члена, кои гласат:

„Член 28а

Основната организација ги ревалоризира динарските побарувања и обврски под условите утврдени со самоуправна спогодба односно со договор или со закон, на еден од следните начини:

1) со ревалоризација на главницата на обврските и на побарувањата;

2) со ревалоризација на обврските и побарувањата за износот на ревалоризациониот дел од каматата што ѝ се припишува на главницата;

3) со ревалоризација на обврските и побарувањата за износот на ревалоризациониот дел од каматата што се пресметува и наплатува во роковите во кои се наплатува делот од неревалоризираната главница.

Ревалоризација од став 1 точка 1 на овој член се врши за побарувањата и обврските по основа на здружени и вложени средства, според основите и мерилата што се утврдени со самоуправна спогодба односно со договор, ако е предвидено тие средства да се враќаат односно да се наплатуваат зависно од остварениот заеднички доход, како и во другите случаи пропишани со сојузен закон.

Ревалоризацијата од став 1 точка 2 на овој член се врши според основите и мерилата и во роковите што се утврдени со самоуправна спогодба, односно со договор или со закон, така што ревалоризацијата што ѝ се припишува на главницата претставува дел од каматата до годишната стапка на растежот на цените на мало. Ревалоризацијата ги опфаќа и интеркаларните камати до годишната стапка на растежот на цените на мало.

Ревалоризација од став 1 точка 3 на овој член се врши според основите и мерилата и во роковите што се утврдени со самоуправна спогодба односно со договор или со закон, така што делот од каматата до годишната стапка на растежот на цените на мало се наплатува во роковите во кои се пресметува и наплатува делот од неревалоризираната главница.

Под побарувања и обврски што се ревалоризираат според одредбите на ст. 3 и 4 од овој член се подразбираат обврските односно побарувањата по основа на: здружени и вложени средства што се враќаат независно од остварениот заеднички доход односно за кои е предвидено враќање со камата; кредити и заеми; промет на стоки и услуги; ненавремено и одложено плаќање; хартии од вредност; обврски и побарувања по кои се пресметува затезна камата и според други основи по кои се пресметува камата.

Годишната стапка на растежот на цените на мало од ст. 3 и 4 на овој член се утврдува секој месец како годишен процент на растежот на цените, врз основа на податоците за растежот на цените на мало според усвоената методологија за утврдување на есконтната стапка. Таа стапка се користи за утврдување на ревалоризацијата на обврските и побарувањата од ст. 3 и 4 на овој член во наредниот месец.

По исклучок од одредбата на став 6 од овој член, доверителот и должникот можат да се договорат стапката на ревалоризацијата од тој став што важела на денот на настанувањето на обврската односно побарувањето да се применува се додека обврската не се плати односно побарувањето не се наплати, под услов нивното намирување да се врши во роковите и на начинот што се договорени, и тоа:

1) при издавањето, индосирањето, есконтот, реесконтот и др. на меници и други хартии од вредности;

2) за обврските и побарувањата со рок за плаќање односно за наплата до една година.

Во случаите од став 1 точ. 2 и 3 на овој член, основната организација применува ревалоризациона, каматна, менична, казнена, есконтна односно реесконтна стапка со примена на дисконт односно на конформна стапка, ако пресметка врши за периоди пократки од една година.

По исклучок од одредбата на став 8 од овој член, основната организација не мора да примени дисконт односно конформна стапка ако годишната стапка на растежот на цените на мало е под 10% или ако ревалоризација на обврските и побарувањата врши по стапка пониска од конформната стапка на растежот на цените на мало.

Член 28б

Ревалоризација на обврските и побарувањата по кои за плаќање односно за наплата е договорен рок подолг од една година, а е договорена полна ревалоризација, се врши според одредбата на член 28а став 3 од овој закон, така што плаќање односно наплата се врши сразмерно со износот на кредитот односно на другиот пласман што се плаќа односно наплатува, а камата над ревалоризационата стапка се пресметува на ревалоризираната главница.

Одредбата од став 1 на овој член се применува и на обврските и побарувањата за кои договорениот рок за наплата односно за плаќање е пократок од една година, ако со самоуправната спогодба односно со договорот е предвидено плаќањето односно наплатата да се изврши во еден рок или ако височианта на отплатата е обусловена од височината на определен вид приходи на должникот, без оглед на рокот за наплата односно за плаќање.

Член 28в

Основната организација која, заради гарантирање фиксна продажна цена на производите и услугите, од купувачот односно нарачувачот примила бескаматен аванс во динари, го ревалоризира делот од продажната цена покриен со тој аванс во износ на полната ревалоризација на авансот што ќе му ја одобри на купувачот, давач на авансот, со примена на коефициентот на растежот на цените на производителите на индустриски производи.

На начинот од став 1 на овој член се пресметува и вредноста на производите и стоките што основната организација ги позајмила со обврска да врати исто количество нови производи или стоки од истиот вид и квалитет."

Член 7

Во член 29 став 1 по зборот: „стадо" се додаваат запирка и зборовите: „основачките вложувања", а зборовите: „на крајот на деловната година при составувањето на завршната сметка" се бришат.

По став 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Конечна пресметка на ревалоризацијата на средствата од став 1 на овој член се врши во текот на годината за расходуваните и на друг начин отуѓени средства, а по завршната сметка за затечените средства."

Досегашниот став 2 станува став 3.

Член 8

Во член 30 став 2 се брише.

Член 9

Во член 31 став 1 зборовите: „На крајот на годината" се заменуваат со зборовите: „Со конечната пресметка на ревалоризацијата на основните средства", а зборовите: „31 декември деловната година" се заменуваат со зборот: „пресметката".

По став 2 се додаваат нови ст. 3 и 4 кои гласат:

„Основната организација може да одлучи да не врши ревалоризација на основните средства што се отпишани во целост.

Со привремена пресметка на ревалоризацијата се ревалоризира сегашната вредност на основните средства и материјалните права.".

Член 10

Член 32 се менува и гласи:

„Ревалоризацијата на градежните објекти, опремата, повеќегодишните насади, брзорастечките дрвја, основачките вложувања, земјиштето и материјалните права се врши со примена на единствен коефициент што ќе се утврди според индексот на цените на производителите на индустриски производи во пресметковниот период.

За основните средства и материјалните права што се прибавени во текот на годината ревалоризација се врши од месецот на прибавувањето, со примена на коефициентите што ќе се утврдат според просечниот растеж на цените на производителите на индустриски производи во пресметковниот период за периодот во кој се користени средствата.

Според одредбите од ст. 1 и 2 на овој член се врши и ревалоризација на материјалите и деловите што се прибавени за изградба на градежни објекти, изработка на опрема односно за подигање на повеќегодишни насади, брзорастечки дрвја и шуми.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, основната организација може да одлучи да врши ревалоризација на земјиштето во општествена сопственост, и тоа:

1) градежното земјиште - во височина на надоместот согласно со прописите за експропријација,

2) земјоделското и друго земјиште - во височина на основицата за наплата на данокот на промет на соодветното земјиште, утврдена согалсно со прописите за данокот на промет на земјиште.

Ревалоризацијата на основното стадо претставува разлика помеѓу вредноста на основното стадо на крајот на пресметковниот период по пазарните цени и вредноста искажана во книговодството по утврдувањето на вкупниот приход врз основа на прирастот на основното стадо.

Ревалоризацијата на шумите претставува разлика помеѓу вредноста утврдена според сојузниот закон со кој се уредува амортизацијата на општествените средства и вредноста искажана во книговодството.

По исклучок од одредбите на ст. 1 до 3 од овој член, основната организација може да одлучи сите или одделни основни средства или материјални права да ги ревалоризира и во поголем износ, за побрзиот растеж на средниот курс на странските валути во делот во кој тие основни средства ги финансира со девизни долгорочни кредити и пласмани, а најмногу до износот што може да се употреби за тие цели според одредбите на член 28 став 5 од овој закон.

Член 11

Член 33 се менува и гласи:

„По исклучок од одредбите на член 32 ст. 1 и 2 од овој закон, основната организација може по завршната сметка на крајот на годината да врши ревалоризација на градежните објекти и на опремата, по групите на средства пропишани во Номенклатурата на средствата за ревалоризација, која е составен дел на овој закон, со примена на коефициентите што ќе се утврдат според индексите на растежот на цените на тие средства од 30 септември претходната до 30 септември тековната година.

По исклучок од одредбите на член 32 став 2 од овој закон, основната организација може привремена пресметка на ревалоризацијата на сите основни средства и материјални права да врши со примена на единствен коефициент на растежот на цените од почетокот на годината на нивната сегашна вредност, со состојба на крајот на пресметковнот период за кој се составува периодична пресметка.".

Член 12

Во член 34 став 1 на крајот точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „освен ревалоризација на средствата за репродукција на шумите".

Член 13

Член 35 се менува и гласи:

„Основната организација, на крајот на пресметковниот период, при составувањето на периодичната пресметка и завршната сметка, врши ревалоризација на следните обртни средства:

1) суровини и материјал, резервни делови, ситен инвентар и амбалажа;

2) производство;

3) готови производи.

Ревалоризација на обртните средства од став 1 на овој член основната организација врши во согласност со својот самоуправен општ акт како:

1) ревалоризација на потрошените односно реализираните залихи и залихите на состојба;

2) ревалоризација на залихите на состојба;

3) ревалоризација на потрошените односно реализираните залихи.

Ревалоризација на потрошените односно на реализираните залихи и на залихите на состојба се врши при ревалоризацијата на обртните средства од став 1 на овој член, ако залихите и потрошоците се водат според планските, стварните или просечните цени, со примена на единствениот коефициент на просечниот месечен пораст на цените на производителите на индустриски производи во пресметковниот период помножен со бројот на месеците во пресметковниот период врз просечната вредност на залихите во тој период. На истиот начин можат да вршат ревалоризација и основните организации што според одредбите на овој член можат да вршат само ревалоризација на залихите на состојба.

Вкупниот износ на ревалоризацијата утврден според одредбата од став 3 на овој член, заедно со пренесената состојба, се распоредува на состојба на залихите на крајот од пресметковниот период и на соодветните трошоци на работење сразмерно со излезот од тие залихи.

Ревалоризација на залихите на состојба може да се врши при ревалоризацијата на одделните форми на обртни средства од став 1 на овој член ако трошоците по основа на тие средства се товарат по една од следните сметководствени методи:

1) „Највисока влезна цена еднаква на првата излезна цена" („hifo"-метода);

2) Последна влезна цена еднаква на првата излезна цена („hifo"–метода);

3) со товарење на трошоците по просечните набавни цени остварени во пресметковниот период.

Ревалоризацијата на потрошените односно на реализираните залихи се врши на начинот од став 3 на овој член во основните организации што ја применуваат метода „Прва влезна еднаква на првата излезна цена" („hifo"-метода), при што со целиот износ на ревалоризацијата се товарат соодветните трошоци на работењето.

Основната организација може да ги ревалоризира обртните средства од став 1 на овој член затечени на крајот на прсметковниот период (состојба на залихите) и во помал износ од износот утврден според одредбите на ст. 4 и 5 од овој член. Во тој случај за износот на намалувањето додатно се товарат соодветните трошоци на работењето над износот утврден според одредбите на ст. 4 и 5 од овој член.

Основната организација може да ги ревалоризира обртните средства од став 1 на овој член во согласност со одредбите на ст. 3 до 7 од овој член, по одделни видови на тие средства, ако во книговодството обезбеди потребни податоци.

Основната организација може да ги ревалоризира ситниот инвентар, авто-гумите и амбалажата, во целост или делумно, на начинот што со овој закон е пропишан за основните средства и за нивната амортизација, ако тоа го уредила со самоуправен општ акт и ако отпис на вредноста на тие средства во текот на годината врши во роковите и постапките за отпис што однапред се утврдени во тој акт.

Ревалоризација на обртните средства од став 1 на овој член не мора да се врши ако некоригираниот растеж на коефициентот од став 3 на овој член е помал од 10% годишно.".

Член 14

Член 36 се брише.

Член 15

Член 38 се брише.

Член 16

Член 40 се менува и гласи:

„Сојузната организација надлежна за работи на статистиката ги утврдува и објавува во „Службен лист на СФРЈ";

1) единствениот коефициент, според индексот на растежот на цените на производителите на индустриски производи од почетокот на годината до крајот на пресметковнит период – до 10 во месецот за претходниот месец;

2) единствениот коефициент, според просечниот месечен индекс на растежот на цените на производителите на индустриски производи од секој месец во годината до крајот на годината – до 15 јануари наредната година;

3) коефициентите за ревалоризација на градежните објекти и опремата, според групите на средства пропишани во Номенклатурата на средствата за ревалоризација – до 15 јануари наредната година;

4) коефициентите за ревалоризација на градежните објекти и опремата што се прибавени во текот на годината, по групи на средства пропишани во Номенклатурата на средствата за ревалоризација, според просечните месечни индекси на растежот на цените од секој месец во годината до крајот на годината – до 15 јануари наредната година;

5) единствениот коефициент, според просечниот месечен индекс на цените на производителите на индустриски производи од почетокот на годината до крајот на пресметковниот период – до 10 во месецот за претходниот месец.

По исклучок од одредбите на точ. 1 и 5 од став 1 на овој член, податоците што треба да бидат објавени до 10 јануари можат да се објават до 15 јануари заедно со податоците од точ. 2, 3 и 4 на тој став.".

Член 17

По член 40 се додава нов член 40а, кој гласи:

„Член 40а

Народната банка на Југославија ги утврдува и – до 10 во месецот за претходниот месец – ги објавува во „Службен лист на СФРЈ":

1) односот на стапките на растежот на цените на производителите на индустриски производители и стапките на растежот на средните курсеви на странските валути што ги објавува девизниот пазар, за периодот од крајот на претходното тримесечје до крајот на секој месец од тековното тримесечје;

2) годишната стапка на растежот на цените на мало пресметана според методологијата според која се утврдува есконтната стапка.".

Член 18

Во член 41 по став 1 се додава став 2, кој гласи:

„Функционерот од став 1 на овој член го пропишува и упатството за пресметување на податоците од чл. 40 и 40а на овој закон.".

Член 19

Член 43 се менува и гласи:

„Врз товар на обртните средства по основа на залихите на недовршено производство на производи и услуги, полупроизводи, делови на сопственото прозиводство и готови производи основната организација ги пресметува материјалните трошоци, трошоците за амортизација и другите трошоци на работењето од член 26 ст. 1 до 3 на овој закон до износот на трошоците наменети за нивно производство, обврските што се намируваат од доходот, освен обврските што се утврдуваат зависно од остварениот доход и обврските за паричните казни за стопански престапи и прекршоци, административните такси и судските трошоци, како и бруто личните доходи на работниците по основа на тековниот труд, во аликвотен дел што се однесува на тие залихи.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, основната организација може по основа на залихите да пресмета и помали износи ако тоа го утврдила со самоуправниот општ акт.".

Член 20

Член 44 се брише.

Член 21

Во член 45 по зборот: „амортизација", се додаваат зборовите: „други трошоци на работењето," а зборовите: „освен износот на придонесите, даноците и другите давачки, како и на другите обврски што се утврдуваат зависно од остварениот доход" се заменуваат со зборовите: „според одредбите на член 43 од овој закон.".

Член 22

Во член 46 по зборот: „**амортизацијата**", се додаваат зборовите: „другите трошоци на работењето, обврските од доходот".

Член 23

Во член 48 по зборот: „амортизацијата", се додаваат зборовите: „другите трошоци на работењето" и запирка, а зборовите: „освен износот на придонесите, даноците и другите давачки, како и другите обврски што се утврдуваат зависно од остварениот доход" се заменуваат со зборовите: „според одредбите на член 43 од овој закон".

Член 24

Во член 74 по став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„По исклучок од одредбите на чл. 28 до 41 од овој закон, основната организација од став 1 на овој член може, ако стапката на растежот на курсот на странската валута во пресметковниот период е поголем од стапката на растежот на цените на производителите на индустриски производи, да ги ревалоризира средствата односно износите на средствата со коефициентите што ги пресметува од стапката на порастот на курсот на странската валута во која странското лице ги вложило средствата.".

Член 25

Во член 93 став 1 по алинеја 4 се додава нова алинеја 5 која гласи:

„– делот од пресметаните обврски од доходот што зависат од големината на остварениот доход, а настанале по основа на непосредната слободна размена на трудот и по друга основа, ако не можат да се вратат односно со истите да се намалат идните обврски по таа основа".

По став 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„Основната организација не може да склучува договори односно спогодби со кои се создаваат нови обврски од доходот од став 1 алинеја 5 на овој член ако во претходниот пресметковен период искажала загуба".

Досегашниот став 4 станува став 5.

Член 26

Во член 94 став 1 бројот: „4" се заменува со бројот: „5", а по зборовите: „пресметаните обврски" се додаваат зборовите: „по намалувањето за обврските од член 93 став 1 алинеја 5 на овој закон".

Член 27

По член 107 се додава нов член 107а, кој гласи:

„Член 107а

Народната банка на Југославија и народните банки на републиките и народние банки на автономните покраини (во натамошниот текст: народната банка) го утврдуваат приходот од наплатените прихдои според основите на сојузниот закон со кој е уредено работењето на народната банка и по други основи, а според одредбите на чл. 11, 12 и 15 од овој закон.

Под наплатени приходи од став 1 на овој член кај Народната банка на Југославија се подразбираат и паричните износи што со пресметката се утврдени и што ѝ се распоредени на Народната банка на Југославија од приходите од каматите по кредитите дадени на банките и на други финансиски организации и надоместите за средствата отстапени на организаците на здружен труд на трајно користење, чија наплата ја вршат народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини.

Народната банка од приходите ги надоместува материјалните трошоци, трошоците за амортизација и другите трошоци на работењето според одредбите на чл. 18 до 27 и на член 42 од овој закон, а обврските за издвојување на средства, камати и други трошоци на работењето – според одредбите на сојузниот закон со кој се уредува работењето на народната банка.

Ако приходите на народната банка не се доволни да се надоместат трошоците на работењето и обврските спрема работната заедница, недостигот на приходите народната банка ќе го надомести врз товар на ревалоризационите приходи.

Народната банка го распоредува вишокот на приходите над расхоите според одредбите на сојузниот закон со кој е уредено работењето на народната банка.

Народната банка ги ревалоризира средствата според одредбите на чл. 28 до 41 од овој закон, освен суровините, материјалите и контролната ревалоризација.

Резултатот од ревалоризацијата на средствата, заедно со ревалоризационите приходи, се кристи за надоместување на ревалоризационите расходи и за намените од став 4 на овој член, а остатокот на крајот од деловната година се распоредува според одредбите на сојузниот закон со кој е уредено работењето на народната банка.

Член 28

Во член 110 став 1 по зборот: „фондот" се додаваат зборовите: „и буџетот", а зборовите: „народната банка" и зборовите: „како и здруженијата на граѓаните што кристат општествени средства" се бришат.

Во став 3 зборовите: „или здружението на граѓаните" се земенуваат со зборовите: „од став 1 на овој член", а на крајот на ставот точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „освен ревалоризацијата на сруовините и материјалите на залиха и на тие суровини и материјали потрошени за сопствените потреби и контролната ревалоризација".

Член 29

Во член 113 на крајот на став 2 точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „како и приходите од продажба или внесување на основни средства во земјата набавени од обртните средства за вршење на работи во странство.".

Член 30

По член 128 се додава нов член 128а, кој гласи:

„Член 128а

Основната организација може во ревалоризационите приходи да внесе по една шеесеттина месечно пресметани, а ненаплатени позитивни курсни разлики по одделни кредити одобрени на странски партнери со состојба на 31 декември 1986 година, до 31 декември 1991 година.

Во случајот од став 1 на овој член, основната организација мора во ревалоризационите приходи да внесе и поголем износ на пресметаните позитивни курсни разлики ако извршила поголема наплата на кредитите по кои тие разлики настанале.".

Член 31

Во член 129 став 1 по зборот: „година" се додаваат зборовите: „во периодичната пресметка и во завршната сметка".

Во став 4 по зборот: „на" се додаваат зборовите: „штедно-кредитната задруга и".

По став 4 се додаваат нови ст. 5 и 6, кои гласат:

„По исклучок од одредбата на став 2 од овој член, каматата по кредитите што банката ги дава од средствата на примарната емисија за кои Народната банка на Југославија определила каматна стапка пониска од полната ревалоризациона стапка во целост претставува ревалоризација, а каматната маржа над таа каматна стапки претставува камата која се засметува во приход на банката.

Одредбата од сав 5 на овој член се применува и на пласманите од средствата на банката ако банката средствата од примарната емисја ги заменила со свои средства под услов каматната стапка по тие пласмани да е усогласена со каматната стапка на примарната емисија за иста намена.".

Член 32

По член 129 се додава нов член 129а, кој гласи:

„Член 129а

По исклучок од одредбите на член 28 од овој закон, Народната банка на Југославија ги покрива негативните курсни разлики според одредбите на посебниот сојузен закон.".

Член 33

Во член 130 став 1 по зборот: „може" се додаваат зборовите: „со завршната сметка за таа година", зборовите: „став 3", на обете места се заменуваат со зборовите: „ст. 9 и 10", а зборовите: „35 и 36" на обете места се заменуваат со зборовите: „и 35".

Ст. 2 до 6 се заменуваат со нови ст. 2 до 11, кои гласат:

„ Основните организации што до 31 декември 1986 година примиле динарски авански со пониска каматна стапка од стапката на порастот на цените на производителите на индустриски производи, можат по тие аванси, при нивното засметување во вкупниот приход, за разликата до нивната полна ревалоризација од 1 јануари 1987 година до денот на нивното засметување во вкупниот приход, да ги зголемат другите приходи врз товар на вишокот на ревалоризационите приходи над ревалоризационите расходи утврден според одредбите на член 28 ст. 9 и 10 од овој закон.

Пред засметувањето на авансите во вкупниот приход, основната организација може тие аванси да ги зголеми врз товар на ревалоризационите расходи во височинта и под условите од став 2 на овој член.

По исклучок од одредбата на член 27 став 2 точка 1 од овој закон, за ненаплатените побарувања по мениците со туѓо авалирање на кои во 1987 година им истекол рокот на втасаност, банката може да изврши исправка на вредноста на сомнителните и на спорните побарувања во 1988 година најмалку во износ од една дванаесеттина од тие побарувања месечно.

По исклучок од одредбата на член 28 став 4 од овој закон, контролната ревалоризација може да се намали и за:

– разликата до полната ревалоризација по кредитите и другите пласмани одобрени пред 1 јануари 1987 година, ако не се изврши измена на самоуправната спогодба односно на договорот или на законот со која се обезбедува полна ревалоризација на тие побарувања;

– пласманите по основа на задолжителните заеми и задолжителните здружувања на средства предвидени со закон и со самоуправните спогодби склучени врз основа на тој закон, пресметани до крајот на 1990 година.

По исклучок од одредбите на чл. 28 до 41 од овој закон, организациите на здружен труд од општествените дејности можат ревалоризацијата на суровините и материјалните и контролната ревалоризација да ги намалат во 1987 година до 100%, а во 1988 година – до 75%.

По исклучок од одредбите на член 35 од овој закон, задружните организации од чл. 101 и 102 од овој закон можат наместо ревалоризацијата на обртните средства од член 35 став 1 да ја зголемат контролната ревалоризација од член 28 ст. 3 и 4 на овој закон за износот што недостига, до потполната ревалоризација со коефициентот на порастот на цените на мало во пресметковниот период, на користените динарски кредити и пласманите, примени од корисници на општествените средства.

По исклучок од одредбите на член 90 став 5 од овој закон, делот од чистиот доход привремено распореден за заедничка потрошувачка за потребите на домувањето може до 1990 година да се користи за потребите за кои е наменет и во текот на годината.

Ако во следниот пресметковен период корисникот на општествени средства искаже загуба, а ги потрошил средствата од став 8 на овој член, потрошениот износ го надоместува од деловниот фонд, со обврска за враќање штом ќе почне да искажува позитивни резултати.

Организацијата на здружен труд распоредена според Одлуката за единствената класификација на дејностите во подгрупата 130233 може да одлучи да врши ревалоризација само на основните средства во 1987 и 1988 година.

По исклучок од одредбите на член 107а ст. 3 и 6 од овој закон, одредбите на чл. 28 до 41 на овој закон се применуваат од 1 јануари 1988 година, а одредбите на член 27 став 2 точка 1 од 1 јули 1988 година.".

Член 34

Во член 133б зборовите: „декември 1987" се заменуваат со зборовите: „декември 1988".

Член 35

Во член 133г зборовите: „декември 1987" се заменуваат со зборовите: „декември 1988".

Член 36

Овој закон ќе применува и врз изработката на завршната сметка за 1987 година, освен одредбите на чл. 28а и 28б од овој закон.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, основната организација може да одлучи одредбите на член 13 од овој закон да не се применуваат врз изработката на завршната сметка за 1987 година.

Член 37

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

**1126.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Репбулика Југославија издава

# УКАЗ

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНО УТВРДУВАЊЕ НА ПРИХОДИТЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ШТО ВО 1988 ГОДИНА СЕ КОРИСТАТ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА СТОПАНСТВОТО

Се прогласува Законот за привремено утврдување на приходите на федерацијата што во 1988 година се користат за потребите на стопанството, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 30 декември 1987 година.

П бр. 793
30 декември 1987 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
**Лазар Мојсов** с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Марјан Рожич** с. р.

# ЗАКОН

## ЗА ПРИВРЕМЕНО УТВРДУВАЊЕ НА ПРИХОДИТЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ШТО ВО 1988 ГОДИНА СЕ КОРИСТАТ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА СТОПАНСТВОТО

Член 1

За потребите на стопанството во 1988 година од остварените приходи на федерацијата од царини и други увозни давачки се отстапуваат и се пренесуваат при секоја уплата на посебни сметки кај Службата на општественото книговодство на Југославија:

1) 45,93% за поврат на царината и другите увозни давачки во корист на организациите на здружен труд што извесуваат – на посебна сметка на сојузниот орган на управата надлежен за работи на надворешната трговија.

За поврат на царината и другите увозни давачки во корист на организациите на здружен труд што извезуваат се отстапува и вкупниот приход остварен од посебните давачки при увозот на земјоделски и прехранбени производи и се пренесува при секоја уплата на посебна сметка на сојузниот орган на управата надлежен за работи на надворешната трговија;

2) 0,66% за општа стопанска пропаганда и општа туристичко-информативна дејност спрема странство, а најмногу до 18.216,000.000 динари – на посебна сметка на Стопанската комора на Југославија;

3) 0,13% за претставништвата на Стопанската комора на Југославија, а најмногу до 3.428,000.000 динари - на посебна сметка на Стопанската комора на Југославија;

4) 2,29% за регрес за вештачки ѓубрива, средства за заштита на растенијата и квалитетно сортно семе, а најмногу до 63.000,000.000 динари - на посебна сметка на сојузниот орган на управата надлежен за работи на земјоделството;

5) 1,61% за поттикнување на технолошкиот развој на Југославија, а најмногу до 44.367,000.000 динари - на посебна сметка на сојузниот орган на управата надлежен за работи на науката и технологијата.

Повеќе издвоените средства од износите за одделните намени утврдени во овој член ќе се пренесат на посебна сметка на сојузниот орган на управата надлежен за работи на надворешната трговија за поврат на царината и другите увозни давачки во корист на организациите на здружен труд што извезуваат. По издвојувањето на средствата за одделни намени до износите утврдени во овој член, ќе се издвојуваат средства според утврдените проценти за одделни намени и ќе се пренесуваат на посебна сметка на сојузниот орган на управата надлежен за работи на надворешната трговија за поврат на царината и другите увозни давачки во корист на организациите на здружен труд што извезуваат.

Член 2

Стопанската комора на Југославија ќе ги пренесе средствата од посебната сметка од член 1 одредба под 2) на овој закон, најдоцна во рок од пет дена од денот на приемот на средствата, на посебни потсметки, и тоа: 36,29%, а најмногу до 6.610,000.000 динари, на потсметката за општа стопанска пропаганда и 63,71%, а најмногу до 11. 606,000.000 динари, на потсметката за општа туристичко-информативна дејност спрема странство.

Член 3

Средствата од член 1 одредба под 1) на овој закон се користат сразмерно со остварениот извоз и девизниот прилив, предвиден со Одлуката за утврдување на Проекцијата на платниот биланс на Југославија за 1988 година.

Средствата од член 1 одредба под 2) на овој закон се користат во согласност со извршувањето на програмите за општа стопанска пропаганда и општа туристичко-информативна дејност спрема странство.

Средствата од член 1 одредба под 3) на воој закон ќе се користат за финансирање на претставништвата на Стопанската комора на Југославија.

Средствата од член 1 одредби под 4) и 5) на овој закон се користат во согласност со сојузниот закон.

Член 4

Од средствата од член 1 одредба под 1) на овој закон ќе се исплатуваат обврските настанати по основа на поврат на царина и други увозни давачки по налозите за плаќање до 31 декември 1988 година примени во Службата на општественото книговодство на Југославија до 10 јануари 1989 година.

На износот на втасаните а ненамирени обврски по примените барања од став 1 на овој член во Службата на општественото книговодство на Југославија нема да се пресметува камата.

Член 5

Службата на општественото книговодство на Југославија и Народната банка на Југославија вршат контрола на користењето на средствата за потребите на стопанството, водат евиденција и поднесуваат извештаи за користењето на тие средства. Начинот на водење евиденција и на поднесување извештаи за користењето на средствата за поврат на царината и другите увозни давачки во корист на организациите на здружен труд што извезуваат и за општа стопанска пропаганда и општа туристичко-информативна дејност спрема странство го пропишува Сојузниот извршен совет.

Водењето евиденција и поднесувањето извештаи за користењето на средствата за регрес за вештачки ѓубрива, на средствата за заштита на растенијата и квалитетно сортно семе се вршат во согласност со сојузниот закон.

Водењето евиденција и поднесувањето извештаи за користењето на средствата за поттикнување на технолошкиот развој на Југославија се вршат во согласност со сојузниот закон.

Член 6

Сојузниот орган на управата надлежен за работи на надворешната трговија, сојузниот орган на управата надлежен за работи на земјоделството, сојузниот орган надлежен за работи на науката и технологијата и Стопанската комора на Југославија, за средствата од посебните сметки од член 1 на овој закон водат книговодство и донесуваат завршни сметки за 1988 година.

Сојузниот орган на управата надлежен за работи на надворешната трговија, сојузниот орган на управата надлежен за работи на земјоделството и сојузниот орган на управата надлежен за работи на науката и технологијата можат дел од работите што се однесуваат на евиденцијата за средствата од посебната сметка од член 1 на овој закон да и доверат на Службата на општественото книговодство на Југославија или на друга специјализирана организација.

Надоместот за вршење на раобтите од став 2 на овој член се утврдува со договор помеѓу сојузните органи на управата од тој став и извршителот на работите.

Собранието на СФРЈ ги потврдува завршните сметки од став 1 на овој член.

Член 7

Приходите од царини и други увозни давачки и од посебните давачки при увозот на земјоделски и прехранбени производи за стоките увезени до 31 декември 1988 година, што ќе се наплатат од 1 до 31 јануари 1989 година, се уплатуваат во корист на посебните сметки од член 1 на овој закон за 1988 година.

Трошоците на платниот промет и другите трошоци настанати во врска со работењето со средствата за потребите на стопанството што се утврдуваат со овој закон се покриваат од тие средства.

Член 8

Се овластува Сојузниот извршен совет за средствата од член 1 на овој закон да утврди тримесечна динамика, согласно со одредбите на Законот за привремено финансирање на потребите на федерацијата во 1988 година.

Член 9

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен лист на СФРЈ, а се применува од 1 јануари 1988 година.

---

**1127.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОГРАМАТА ЗА ТЕХНИЧКО-ТЕХНОЛОШКА МОДЕРНИЗАЦИЈА НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 1987 ДО 1990 ГОДИНА

Се прогласува Законот за Програмата за техничко-технолошка модернизација на сојузните органи за периодот од 1987 до 1990 година, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 30 декември 1987 година.

П бр. 786
30 декември 1987 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
**Лазар Мојсов, с. р.**

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Марјан Рожич, с. р.**

# ЗАКОН

## ЗА ПРОГРАМАТА ЗА ТЕХНИЧКО-ТЕХНОЛОШКА МОДЕРНИЗАЦИЈА НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 1987 ДО 1990 ГОДИНА

Член 1

Со овој закон се утврдува Програмата за техничко-технолошка модернизација на сојузните органи за периодот од 1987 до 1990 година (во натамошниот текст: Програмата) со која се обезбедуваат особено типизација, стандардизација, рационалност и техничко-технолошко единство на опремата и предметите што се прибавуваат во согласност со оваа програма.

Програмата од став 1 на овој член е составен дел на овој закон.

Член 2

Програмата опфаќа прибавување на техничко-технолошка опрема потребна за работа на сојузните органи, и тоа: специфична опрема, информатичка опрема, бирографска опрема, печатарско-репрографска опрема, телекомуникациона опрема и опрема на средствата за врски.

Програмата опфаќа и прибавување на службени згради и простории и на превозни средства за потребите на сојузните органи, како и изградба, поправка и адаптација на службените згради и простории.

Член 3

За извршување на Програмата ќе се користат средствата обезбедени со сојузен закон и дел од пресметаната амортизација на опремата што ја користат сојузните органи.

Приоритетите и динамиката на извршувањето на Програмата се утврдуваат за секоја година, во рамките на средствата утврдени со сојузен закон за извршување на Програмата и со одлуката за распоредување на средствата обезбедени во буџетот на федерацијата што ја донесува Собранието на СФРЈ.

За извршување на Програмата во делот кој се однесува на прибавувањето опрема и предмети од член 2 на овој закон за потребите на еден сојузен орган е одговорен функционерот кој раководи со тој орган.

Член 4

За извршување на Програмата се грижи сојузниот орган на управата надлежен за работи на правосудството и организација на сојузната управа.

Член 5

Сојузниот извршен совет му поднесува на Собранието на СФРЈ годишен извештај за извршувањето на Програмата и за потрошокот на средствата, до 30 април тековната година за претходната година.

Сојузниот извршен совет ќе му поднесе на Собранието на СФРЈ извештај за извршувањето на Програмата и за потрошокот на средствата во целост, до 31 мај 1991 година.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

# ПРОГРАМА

## ЗА ТЕХНИЧКО – ТЕХНОЛОШКА МОДЕРНИЗАЦИЈА НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 1987 ДО 1990 ГОДИНА

Програмата за техничко-технолошка модернизација на сојузните органи за периодот од 1987 до 1990 година (во натамошниот текст: Програмата) содржи преглед на: специфичната опрема, информатичката опрема, телекомуникационата опрема и опремата на средствата за врски, бирографската опрема, печатарско-репрографската опрема, службените згради, објекти и простории и средствата за превоз, по сојузните органи што ќе ја прибават односно ќе ја користат таа опрема односно предмети:

1) специфична опрема:

– Собрание на СФРЈ – опрема за заштита на податоците и на преносните патишта и за техничко обезбедување;

– Сојузен секретаријат за надворшни работи – опрема за безбедносна заштита на објектите во земјата и во странство и опрема за заштита на податоците, информациите и преносните патишта;

– Сојузен секретаријат за внатрешни работи – опрема за оперативно-технички работи на државната безбедност;

– Институт за безбедност – лабораториска опрема и опрема за развој и научно-истражувачки работи;

– Сојузен секретаријат за информации – Радио Југославија – техничка база;

– Сојузен комитет за земјоделство – уреди за мерење на радиоконтаминација и санитарно-ветеринарски уреди;

– Сојузен комитет за труд, здравство и социјална заштита – опрема за вршење на инспекциски надзори на границата;

– Сојузна управа за контрола на летањето – радарски средства,земјини радио-навигациони, слетни и калибрациони средства, мерни средства и управувачка опрема;

– Сојузна управа за радиоврски – мерни приемници, антени и додатна опрема, анализатори на спектар, генератори на сигнали, дигитални мерачи на фреквенцијата и друга радио-фреквенциска опрема;

– Сојузна управа за царини – оперативно-техничка опрема за царински надзор и лабораториска опрема;

– Сојузен хидрометеоролошки завод – опрема за воздухопловна метеорологија, опрема за лабораториите за хидрометеоролошка контрола на животната средина и опрема за метеоролошки и хидролошки еталони;

– Сојузен завод за мери и скапоцени метали – опрема за развој на југословенските примарни еталони и секундарни еталони на основните и изведените единици на меѓународниот систем (20 еталони), опрема за лабораториска контрола на мери, специфична метролошка опрема во организационите единици (16 организациони единици) и опрема за подвижни единици;

– Сојузен извршен совет – Генерален секретаријат – опрема за заштита на податоците, информациите и преносните патишта;

– Авто сервис на сојузните органи – опрема за контрола на одржувањето и поправката на возилата;

– Установа за одржување на внатрешните пловни патишта – опрема за обезбедување на пловидбата на внатрешните пловни патишта.

Вредноста на специфичната опрема изнесува 30,6% од вкупниот износ на средствата предвидени за реализација на Програмата.

2) Информатичка опрема – електронски сметач со соодветна софтверска подршка, персонални сметачи, терминалска опрема, уреди за внесување на податоци и микрографска опрема:

– Собрание на СФРЈ – мини сметач со придружна конфигурација, персонални сметачи и проширување на микрографската линија;

– Сојузен секретаријат за надворешни работи – проширување на централната и екстерната меморија на сметачите, терминали и проширување на капацитетот на микрографската линија;

– Сојузен секретаријат за внатрешни работи – нов централен сметач со периферни единици и проширување на капацитетот на микрографската линија;

– Сојузен секретаријат за информации (Новинска агенција Танјуг) – проширување на централната и екстерната меморија и на комуникациониот процесор, терминали и модеми;

– Сојузен секретаријат за правосудство и организација на сојузната управа (Завод за информатика на сојузните органи) – нов централен сметач за потребите на повеќе сојузни органи и стручно-технички служби (26), терминали, персонални сметачи и проширување на капацитетот на микрографската линија;

– Сојузна управа за царини – проширување на централната и екстерната меморија и опрема за автоматизација во царинските испостави и царинарниците;

– Сојузен завод за статистика – проширување на капацитетот на централната и екстерната меморија на сметачите и терминали;

- Сојузен завод за општествено планирање - терминали;

- Сојузен завод за мери и скапоцени метали-мини-сметачи и терминали;

- Архив на Југославија - проширување на капацитетот на микрографската линија.

Вредноста на информатичката опрема изнесува 14,3% од вкупниот износ на средствата предвидени за реализација на Програмата.

3) Телекомуникационата опрема и опремата на средствата за врски - опрема за пренос на податоци, радиоуреди, сигнално-сигурносна опрема, опрема за озвучување и снимање и телефонски централи:

- Собрание на СФРЈ - опрема за озвучување и снимање на салите, телекомуникационен систем и систем на мобилни радиоврски;

- Сојузен секретаријат за надворешни работи - радиоуреди и криптографска опрема;

- Сојузен секретаријат за внатрешни работи - радио уреди и криптографска опрема;

- Установа за одржување на поморските пловни патишта - опрема за радиослужбата, антенски системи (радиостаница), радиотелепринтери и опрема за позиционирање на бродовите;

- Установа за одржување на внатрешните пловни патишта - опрема за крајбрежните станици, телекоманда, телекс и радиостаници;

- Сојузна управа за царини - радиоуреди, преносни радиостаници репетитори и системи за пренос на податоците;

- Сојузен хидрометеоролошки завод - телекомуникационен сметач и систем на врските и преносните патишта;

- Управа на деловните згради на сојузните органи - проширување на капацитетот на телефонските централи и замена на амортизираните централи.

Вредноста на телекомуникацоната опрема изнесува 22,6% од вкупниот износ на средствата предвидени за реализација на Програмата.

4) Бирографска опрема - средства за изработка на текст (машини за пишување, композери), уреди за автоматска обработка на текст и средства за сметководствено-книговодствена обработка на податоците (сметачки машини), уреди за копирање и умножување за: Собранието на СФРЈ, Сојузниот секретаријат за надворешни работи, Сојузната управа за контрола на летањето, Сојузната управа за царини, Сојузниот завод за стандардизација, Сојузниот завод за патенти, Сојузниот завод за мери и скапоцени метали, Архивот на Југославија, Службата за работи на преведувањето, Сервисот за биротехнички работи и други сојузни органи.

Вредноста на бирографската опрема изнесува 2% од вкупниот износ на средствата предвидени за реализација на Програмата.

5) Печатарско-репрографска опрема - опрема за компјутеризирана подготовка на печатот и опрема за печатење за: Собранието на СФРЈ, Сојузниот секретаријат за внатрешни раоботи, Сојузната управа за контрола на летањето, Сојузниот завод за статистика и Сервисот за биротехнички работи.

Вредноста на печатарско-репрографската опрема изнесува 1,6% од вкупниот износ на средствата предвидени за реализација на Програмата.

6) Службени згради и простории - изградба, поправка и адаптација на објектите и просториите за сместување на дипломатско-конзуларните претставништва на СФРЈ, на објектите за сместување на опрема и лаборатории, санитарно-ветеринарските објекти, царинарниците и објектите на поморските и внатрешните пловни патишта за: Сојузниот секратаријат за надворешни работи, Сојузниот секретаријат за внатрешни работи, Сојузниот комитет за земјоделство, Сојузниот комитет за сообраќај и врски, Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита, Сојузната управа за царини, Сојузната управа за контрола на летањето, Сојузниот завод за мери и скапоцени метали и Управата на деловните згради на сојузните органи.

Вредноста на средствата за изградба, поправка и адаптација на службените згради и простории изнесува 24,9% од вкупниот износ на средствата предвидени за реализација на Програмата.

7) Превозни средства - патнични возила, автобуси, минибуси, возила за посебни намени, теренски возила, подвижни работилници и други специјални возила што треба да се прибават за замена на амортизираните возила за: Собранието на СФРЈ, Сојузниот секретаријат за надворешни работи, Сојузниот секретаријат за внатрешни работи, Институтот на безбедност, Сојузниот комитет за земјоделство, Сојузниот комитет за сообраќај и врски, Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита, Сојузната управа за царини, Сојузниот завод за мери и скапоцени метали и Авто-сервисот на сојузните органи.

Вредноста на превозните средства изнесува 4% од вкупниот износ на средствата предвидени за реализација на Програмата.

---

**1128.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНО ОГРАНИЧУВАЊЕ НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ДЕЛ ОД ОПШТЕСТВЕНИТЕ СРЕДСТВА НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСОВНИ ЗАЕДНИЦИ ОД ОПШТЕСТВЕНИТЕ ДЕЈНОСТИ ЗА ПОТРОШУВАЧКА ВО 1988 ГОДИНА

Се прогласува Законот за дополненија на Законот за привремено ограничување на располагањето со дел од општествените средства на општествено-политичките заедници и на самоуправните интересовни заедници од општествените дејности за потрошувачка во 1988 година, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 30 декември 1987 година.

П бр. 801
30 декември 1987 година
Белград

Претседател
на Претседателството на СФРЈ,
**Лазар Мојсов** с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Марјан Рожич** с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНО ОГРАНИЧУВАЊЕ НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ДЕЛ ОД ОПШТЕСТВЕНИТЕ СРЕДСТВА НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСОВНИ ЗАЕДНИЦИ ОД ОПШТЕСТВЕНИТЕ ДЕЈНОСТИ ЗА ПОТРОШУВАЧКА ВО 1988 ГОДИНА

Член 1

Во Законот за привремено ограничување на располагањето со дел од општествените средства на општествено-политичките заедници и на самоуправните интересовни заедници од општествените дејности за потрошувачка во 1988 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 75/87) во член 1 на крајот на став 4 се брише точката и се додаваат зборовите: „и на делот од приходите од основниот данок на промет на дериватите на нафта кој се користи за финансирање на стоковните резерви, за изградба и одржување на патиштата, развој на рудниците за јаглен и за истражувања на нафта, како и на придонесите на републиките и на автономните покраини за интервенции во стопанството на ниво на федерацијата (регрес за вештачки ѓубрива, курсни разлики, камати на кредитите за намени во рамките на селективната програма во земјоделството,

Фондот за наука, регрес за млеко и регрес за добиточен подмладок) и на средствата по основа на даноците на граѓаните".

По став 4 се додава нов став 5, кој гласи:

„Под средства остварени од даноци на граѓаните, во смисла на овој закон, се подразбираат средствата остварени по основа на данокот од личниот доход од самостојно вршење на земјоделска дејност, данокот од личниот доход од самостојно вршење на стопанска и нестопанска дејност, данокот на приходите од имот, данокот на имот, данокот на наследство и подароци, данокот од вкупниот приход на граѓаните, данокот на промет на недвижности и права и данокот од личниот доход од авторски права, патенти и унапредувања.".

Во досегашниот став 5, кој станува став 6, зборовите: „за периодот јануари – септември 1987 година" се заменуваат со зборовите: „што се применуваше во 1987 година".

Член 2

Во формуларот IS во редниот број 2 се додаваат одредби под 2.3, 3.4 и 2.5, кои гласат:

„2.3. Дел од основниот данок на промет на деривати од нафта издвоен за:
2.3.1. стоковни резерви
2.3.2. изградба и одржување на патиштата
2.3.3. развој на рудниците за јаглен
2.3.4. истражувања на нафта.
2.4. Придонеси од буџетите на републиките и на автономните покраини за инвестиции во стопанството на ниво на федерацијата, и тоа:
2.4.1. регрес за вештачки ѓубрива
2.4.2. регрес за млеко
2.4.3. регрес за добиточен подмладок
2.4.4. регрес за камати во земјоделството
2.4.5. курсни разлики.
2.5. Даноци на граѓаните.".

Член 3

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а се применува од 1 јануари 1988 година.

---

**1129.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНО ОГРАНИЧУВАЊЕ НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ДЕЛОТ ОД ОПШТЕСТВЕНИТЕ СРЕДСТВА ЗА ПОТРОШУВАЧКА

Се прогласува Законот за измени и дополненија на Законот за привремено ограничување на располагањето со делот од општествените средства за потрошувачка, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 30 декември 1987 година.

П бр. 802
30 декември 1987 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
**Лазар Мојсов**, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Марјан Рожич**, с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНО ОГРАНИЧУВАЊЕ НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ДЕЛОТ ОД ОПШТЕСТВЕНИТЕ СРЕДСТВА ЗА ПОТРОШУВАЧКА

Член 1

Во Законот за привремено ограничување на располагањето со делот од општествените средства за потрошувачка („Службен лист на СФРЈ", бр. 75/87) во член 2 став 1 по зборовите: „(Научноистражувачка дејност)" наместо зборот: „и" се става запирка, а по зборовите: „на овие корисници на општествени средства" се додаваат зборовите: „и на основната самоуправна интересовна заедница (од гранката 1402 – Самоуправни интересовни заедници) во составот на работната организација односно на сложената организација на здружен труд".

Член 2

Во член 4 став 1 по зборот: „информации)" наместо зборот: „и" се става запирка, а зад зборот: „заштита)" се додаваат зборовите: „и гранката 1302 (Општествена заштита на децата и младината и социјална заштита)".

Член 3

Во член 5 став 1 по зборот: „заштита)" се додаваат зборовите: „1302 (Општествена заштита на децата и младината и социјална заштита),".

Член 4

Во член 6 по зборовите: „Самоуправните интересовни заедници)" се додаваат зборовите: „освен основната самоуправна интересовна заедница во составот на работната организација односно на сложената организација на здружен труд".

Член 5

Во член 9 став 2 зад зборот: „отпремнина" се става запирка и се додаваат зборовите: „регреси за годишни одмори на работниците, јубиларни награди, подароци на децата за Денот на детската радост и помош на работниците, пензионерите и семејствата на умрените работници".

Член 6

Во член 10 зборовите: „четвртото тримесечје на 1987 и во првото полугодие" се бришат и се заменуваат со зборовите: „од денот на влегувањето на овој закон во сила до 30 јуни".

Член 7

Овој закон се применува од 16 ноември 1987 година.

Член 8

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

**1130.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОМЕТОТ НА СТОКИ И УСЛУГИ СО СТРАНСТВО

Се прогласува Законот за измена на Законот за прометот на стоки и услуги со странство, што го усвои Собра-

нието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 30 декември 1987 година.

П бр. 805
30 декември 1987 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
**Лазар Мојсов**, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Марјан Рожич**, с. р.

# ЗАКОН

## ЗА ИЗМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОМЕТОТ НА СТОКИ И УСЛУГИ СО СТРАНСТВО

Член 1

Во Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 66/85, 38/86, 67/86 и 43/87), во член 82 став 1 по зборовите: „стоки и услуги" се додаваат зборовите: „и остварување на девизен прилив".

Во став 2 зборот: „финансии" се заменува со зборовите: „надворешна трговија".

Член 2

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а се применува од 1 јануари 1988 година.

---

**1131.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

# УКАЗ

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА РЕГРЕС ЗА ВЕШТАЧКИ ЃУБРИВА, СРЕДСТВА ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА И КВАЛИТЕТНО СОРТНО СЕМЕ

Се прогласува Законот за измени и дополненија на Законот за обезбедување средства за регрес за вештаки ѓубрива, средства за заштита на растенијата и квалитетно сортно семе, што го усвои Собрнаието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 30 декември 1987 година.

П бр. 797
30 декември 1987 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
**Лазар Мојсов**, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Марјан Рожич**, с. р.

# ЗАКОН

## ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА РЕГРЕС ЗА ВЕШТАЧКИ ЃУБРИВА, СРЕДСТВА ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА И КВАЛИТЕТНО СОРТНО СЕМЕ

Член 1

Во Законот за обезбедување средства за регрес за вештачки ѓубрива, средства за заштита на раастенијата и квалитетно сортно семе („Службен лист на СФРЈ", бр. 13/86 и 43/86) член 7 се менува и гласи:

„Корисници на регрес се организациите на здружен труд производители на вештачки ѓубрива, производители на средства за заштита на растенијата и организациите на здружен труд што се занимаваат со производство, односно со промет на големо на квалитетни сортни семиња, за продадените и испорачани количества на тие производи од домашно производство на единствениот југословенски пазар.

Корисниците на регресот од став 1 на овој член, при продажбата на своите производи, им одобруваат на купувачите намалување на продажната цена на тие производи за износот на регресот."

Член 2

Во член 8 став 1 се менува и гласи:

„Корисниците на регресот од член 7 на овој закон остваруваат надомест врз товар на средствата за регрес со поднесување барање до Службата на општественото книговодство надлежна според седиштето на организацијата - подносител на барањето. Кон барањето за надомест врз товар на средствата за регрес, корисникот на регресот е должен да приложи:

1) фактура или копија на фактурата за продажба на производот, на која е искажано намалувањето на цената за износот на регресот;

2) документ за испораката на производот заверен со потпис и печат или со потпис на купувачот;

3) потврда на корисникот на регресот дека производите потекнуваат од домашно производство;

4) пресметка на средствата за регрес по единица мера и за вкупното количество на производите."

Член 3

Во член 13 став 1 бројот: „50.000" се заменува со бројот: „500.000", а зборот: „купување" се заменува со зборот: „продажба".

Во став 2 зборовите: „10.000 до 200.000" се заменуваат со зборовите: „50.000 до 500.000".

По став 2 се додава став 3 кој гласи:

„Во случаите од став 1 на овој член се наплатува затезна камата во височина на есконтната стпака на Народната банка на Југославија зголемена за 40%".

Член 4

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од 1 јануари 1988 година.

---

**1132.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

# УКАЗ

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНО ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОТРЕБИТЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ВО 1988 ГОДИНА ЗА КОИШТО СРЕДСТВА СЕ ОБЕЗБЕДУВААТ ВО БУЏЕТОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

Се прогласува Законот за привремено финансирање на потребите на федерацијата во 1988 година за коишто средства се обезбедуваат во буџетот на федерацијата, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 30 декември 1987 година.

П бр. 807
30 декември 1987 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
**Лазар Мојсов** с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р. **Марјан Рожич** с. р.

# ЗАКОН
## ЗА ПРИВРЕМЕНО ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОТРЕБИТЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ВО 1988 ГОДИНА ЗА КОИШТО СРЕДСТВА СЕ ОБЕЗБЕДУВААТ ВО БУЏЕТОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

Член 1

До постигнувањето согласност за вкупниот обем на средствата за финансирање на федерацијата во 1988 година за коишто средства се обезбедуваат во буџетот на федерацијата, потребите на федерацијата ќе се финансираат до износот што одговара на средствата утврдени во Буџетот на федерацијата за 1987 година.

Член 2

Средствата за покривање на расходите за извршување на функциите на федерацијата за 1988 година ќе се обезбедат од изворните приходи на буџетот на федерацијата и од придонесите на социјалистичките републики и на социјалистичките автономни покраини.

Член 3

Се овластува Сојузниот извршен совет да изврши, во границите на износот од член 1 на овој закон, согласно со одредбите на Законот за финансирање на федерацијата, тримесечен распоред на средствата за потребите на федерацијата за коишто средства се обезбедуваат во буџетот на федерацијата, на подбилансот на приходите и расходите на средствата за финансирање на Југословенската народна армија и подбилансот на приходите и расходите на средствата за финансирање на другите функции и обврски на федерацијата, како и за резерви на федерацијата.

Член 4

Приходите што ќе се остварат во 1988 година, како и нивниот распоред извршен според член 3 на овој закон, претставуваат составен дел на приходите и нивниот распоред во Буџетот на федерацијата за 1988 година.

Член 5

Одредбите на Законот за извршување на Буџетот на федерацијата за 1987 година сходно ќе се применуваат и во 1988 година, ако со посебни прописи не е поинаку определено.

Член 6

Овој закон влегува во сила на 1 јануари 1988 година.

---

**1133.**

Врз основа на член 327 ст. 1 и 2 од Уставот на СФРЈ, во врска со член 70 став 2 од Деловникот за работата на Претседателството на СФРЈ, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на седницата одржана на 29 декември 1987 година донесе

# ОДЛУКА
## ЗА ИЗБОР И ПРОГЛАСУВАЊЕ ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

За потпретседател на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија се избира и прогласува членот на Претседателството на СФРЈ од СР Босна и Херцеговина Раиф Диздаревиќ.

Бр. 0-38
29 декември 1987 година
Белград

**Претседателство на Социјалистичка Федеративна Република Југославија**

Претседател,
**Лазар Мојсов, с. р.**

**1134.**

Врз основа на член 286 став 3 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 43 став 2 од Законот за здружување во Стопанската комора на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/86 и 43/87), Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 30 декември 1987 година, донесе

# ОДЛУКА
## ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА ЈУГОСЛАВИЈА

Се потврдува Статутот на Стопанската комора на Југославија што го донесе Собранието на Стопанската комора на Југославија, на седниците одржани на 11 јули 1986 година и на 9 декември 1987 година.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 337
30 декември 1987 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Марјан Рожич**, с. р.

Претседател
на Соборот на републиките
и покраините,
**Драшко Поповиќ**, с. р.

---

**1135.**

Врз основа на член 281 став 1 точка 5 и член 286 став 2 точка 2 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 20 од Законот за паричниот систем („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76, 61/82 и 71/86), Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 30 декември 1987 година, донесе

# ОДЛУКА
## ЗА ЦЕЛИТЕ И ЗАДАЧИТЕ НА ЗАЕДНИЧКАТА ЕМИСИОНА И ПАРИЧНА ПОЛИТИКА И НА ЗАЕДНИЧКИТЕ ОСНОВИ НА КРЕДИТНАТА ПОЛИТИКА ВО 1988 ГОДИНА

1. Со заедничката емисиона и парична политика и со заедничките основи на кредитната политика во 1988 година ќе се поддржува остварувањето на основните цели на општествено-економскиот развој утврдени со Општествениот план на Југославија за периодот од 1986 до 1990 година.

2. За остварување на целите од точка 1 на оваа одлука Народната банка на Југославија ќе обезбеди годишната стапка на порастот на паричната маса да изнесува најмногу до 27% во однос на состојбата на ден 31 декември 1987 година.

3. Ако стопанските движења, посебно движењето на цените, отстапуваат за повеќе од 5 процентни поени од предвидениот пораст врз основа на кој се утврдени стапките на пораст на монетарните агрегати од точка 2 на оваа одлука, Народната банка на Југославија, најмалку тримесечно ќе врши приспособување, така што ќе се задржи предвидениот степен на рестриктивност од 20%.

Ако во текот на годината дојде до посуштествени институционални промени што се од влијание врз брзината на оптекот на парите, Народната банка на Југославија ќе ги преиспита предложените стапки на монетарниот растеж односно степенот на рестриктивноста и за тоа ќе го извести Собранието на СФРЈ.

4. Заради остварување на целите на економската политика, ќе им се обезбеди поддршка на банките од примата емисија за селективно кредитирање на најприоритетните намени, и тоа: на извозот на стоки и услуги и производството и подготовката на стоки и услуги за извоз; производството, залихите и резервите на основните земјоделски производи и на прехранбените производи: пченица,

пченка, шеќерна репка и шеќер, маслодајни растенија (вклучувајќи и соја), сурово масло, оризова арпа и ориз; организирано гоење на добиток (говеда, свињи, овци), живина и риби, месо во ладилници, млеко и млечни преработки од домашно производство (вклучувајќи и млеко во прав), тутун, грозје и вино во винарски визби во општествениот сектор, јаболка во ладилници; одгледување на расен приплоден подмладок во сточарството (говеда, свињи и овци) како и на производството и залихи на вештачки ѓубрива.

5. Народната банка на Југославија со мерките за спроведување на монетарно-кредитната политика ќе го поттикнува насочувањето на пласманите на банките за приоритетните намени од точка 4 на оваа одлука.

6. Примарната емисија, по пат на пласмани на народните банки, ќе се користи за давање кредити на банките за намените од точка 4 на оваа одлука врз основа на определени исправи што произлегуваат од стоковно-паричните работи на организациите на здружен труд заради поттикнување на насочувањето на пласманите на банките за тие намени. Примарната емисија, по пат на пласмани на народните банки, ќе се користи и за купување на краткорочни преносливи хартии од вредност што ги издаваат организации на здружен труд во областа на стопанството или нивни интерни банки по работите на купопродажба на стоки и вршење на услуги во Југославија и за давање кредити на банките врз основа на тие хартии.

7. Пласманите од средствата на општествено-политичките заедници депонирани кај народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини ќе се остваруваат во рамките на порастот на вкупните динарски пласмани на банките.

Народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини ќе ги даваат пласманите од став 1 на оваа точка, исклучитено преку банките, за намените што ќе се утврдат со кредитната политика на републиките односно на автономните покраини, а во согласност со заедничките основи на кредитната политика, утврдени со оваа одлука, со тоа што тие пласмани кај секоја народна банка можат да се движат најмногу до височината на расположивите средства и каматните стапки на тие пласмани да бидат во согласност со политиката на каматните стапки од точка 10 на оваа одлука.

8. Банките се должни, во рок од 45 дена од денот на влегувањето на оваа одлука во сила, да спроведат постапка за самоуправно спогодување заради:

1) обезбедување средства за дополнително кредитирање на извозот на опрема и бродови и изведувањето инвестициони работи во странство на кредит преку Југословенската банка за меѓународна економска соработка;

2) обезбедување средства за кредитирање на продажбата односно купувачката на домашна опрема, бродови и шински возила во земјата на кредит;

3) обезбедување на стопанството на САП Косово определен износ на трајни обртни средства, во согласност со Општествениот договор за посебните мерки за остварување на политиката на најбрз развој на Социјалистичка Автономна Покраина Косово во периодот од 1986 до 1990 година.

Банките што ги потпишале самоуправните спогодби од став 1 на оваа точка, а кои не постапуваат во согласност со одредбите на тие спогодби, не можат да ги користат пласманите од примарната емисија, за што Народната банка на Југославија ќе донесе соодветна одлука.

9. Во согласност со определбите на Општствениот план на Југославија за периодот од 1986 до 1990 година ќе се продолжи со водењето на политиката на реално позитивни каматни стапки.

Усогласување на каматните стапки ќе се врши месечно, врз основа на растежот на цените на мало остварени во претходниот месец.

Во текот на првото тримесечје на 1988 година ќе се испита можноста и целисходноста за преминување кон утврдување на каматните стапки врз основа на остварениот растеж на цените во тековниот месец и, доколку се утврди дека моделот е целисходен и применлив, Народната банка на Југославија и банките ќе го применат.

Народната банка на Југославија ќе ја утврдува есконтната стапка со додавање на реално позитивната каматна стапка на стапката на инфлацијата во смисла на став 2 од оваа точка.

Каматната стапка на сите пласмани од примарната емисија и на други побарувања на Народната банка на Југославија ќе се утврдува на ниво на есконтната стапка.

По исклучок од одредбата на став 5 од оваа точка, каматните стапки на пласманите од примарната емисија за приоритетните намени од точка 4 на оваа одлука ќе се утврдуваат диференцирано, на пониско ниво во однос на есконтната стапка, и тоа:

1) на кредитите за извоз на стоки и услуги и производство и подготовка на стоки и услуги за извоз - во височина од 75% од есконтната стапка;

2) на кредитите за производство, залихи и резерви на пченица, пченка, шеќерна репка и шеќер, маслодајни растенија (вклучувајќи и соја) и сурово масло, оризова арпа и ориз, тутун и за производство и залихи на вештачки ѓубрива - во височина од 65% од есконтната стапка;

3) на кредитите за организирано гоење на добиток (говеда, свињи и овци), живина и риби за производство на млеко и млечни преработки од домашно производство (вклучувајќи и млеко во прав) и за одгледување на расен приплоден подмладок во сточарството (говеда, свињи и овци) - во височина од 55% од есконтната стапка;

4) на другите кредити за намени во земјоделството - во височина од 75% од есконтната стапка.

Диференцираните каматни стапки од став 6 на оваа точка постепено ќе се укинуваат, во согласност со обезбедувањето реални извори на средства за субвенционирање на дел од каматата.

Каматните стапки на банките на депозитите орочени над 30 дена ќе се утврдуваат најмалку во височина на стапката на инфлацијата во смисла на став 2 од оваа точка.

Каматните стапки на банките на депозитите орочени над 90 дена ќе се утврдуваат најмалку во височина на есконтната стапка.

Каматната стапка на банката на определени депозити ќе биде единствена, без оглед на тоа кој е депонент.

На девизните депозити на граѓаните и девизните штедни влогови банката ќе плаќа камата според каматните стапки во земјата на домицилната валута, зголемени за најмалку 2 процентни поена за депозитите и штедните влогови по видување и за најмалку четири процентни поени за орочените депозити и штедни влогови.

На износот на кредитите од примарната емисија и кредитите на банките што банките и другите корисници на опшествени средства не ги вратиле во договорениот рок или што се користат спротивно на прописите односно ненаменски, се плаќа камата по стапка која е за 50% поголема од есконтната стапка на Народната банка на Југославија.

Народната банка на Југославија ќе пропише што се смета како ненаменско користење на кредитите од став 12 на оваа точка.

10. Банките можат да им даваат кредити на граѓаните по основа на продажбата на девизи на граѓаните, и тоа само за купување и изградба на станови и за изградба, купување и опремање на занаетчиски работилници, земјоделски и деловни објекти и други деловни објекти за вршење редовна дејност на граѓаните, и тоа само како документациони кредити, со готовински исплати најмногу до 10% од износот на дадениот кредит.

Сојузниот извршен совет може да пропише дека банките можат да им даваат кредити на граѓаните врз основа на продажба на девизи и за други намени, заради зголемување на девизниот прилив.

11. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од 1 јануари 1988 година.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 359
30 декември 1987 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Марјан Рожич**, с. р.

Претседател
на Соборот на републиките
и покраините,
**Драшко Поповиќ**, с. р.

**1136.**

Врз основа на член 279 ст. 2 и 5 и член 286 став 2 точ. 2 и 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со чл. 2 и 4 од Законот за обезбедување средства за регрес за вештачки ѓубрива, средства за заштита на растенијата и квалитетно сортно семе („Службен лист на СФРЈ", бр. 13/86 и 43/86), Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 30 декември 1987 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА РЕГРЕС ЗА ВЕШТАЧКИ ЃУБРИВА, СРЕДСТВА ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА И КВАЛИТЕТНО СОРТНО СЕМЕ ЗА 1988 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се утврдуваат средствата за регрес за вештачки ѓубрива, средства за заштита на растенијата и квалитетно сортно семе за 1988 година во износ од 189.000,000.000 динари.

2. Регресот за вештачки ѓубрива изнесува 20%, за средства за заштита на растенијата 6% и за квалитетно сортно семе 15% од продажната цена формирана во согласност со политиката на цените.

3. Средствата од точка 1 на оваа одлука ќе се обезбедат, и тоа: една третина од изворните приходи на федерацијата во износ од 63.000,000.000 и две третини од придонесот на републиките и автономните покраини во износ од 126.000,000.000 динари.

4. Придонесот од точка 3 на оваа одлука по одделни републики и автономни покраини изнесува, и тоа:

| | Динари |
|---|---|
| СР Босна и Херцеговина | 16.972,200.000 |
| СР Македонија | 7.245,000.000 |
| СР Словенија | 22.100,400.000 |
| СР Србија надвор од териториите на автономните покраини | 29.572,200.000 |
| САП Војводина | 13.431,600.000 |
| САП Косово | 2.935,800.000 |
| СР Хрватска | 31.134,600.000 |
| СР Црна Гора | 2,608,200.000 |

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од 1 јануари 1988 година.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 363
30 декември 1987 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Марјан Рожич**, с. р.

Претседател
на Соборот на републиките
и покраините,
**Драшко Поповиќ**, с. р.

**1137.**

Врз основа на член 279 ст. 2 и 5 и на член 286 став 2 точ. 2 и 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со чл. 1 став 3 и 52 од Законот за обезбедување и користење на средствата за поттикнување на технолошкиот развој на Југославија, Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 30 декември 1987 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ НА ЈУГОСЛАВИЈА ЗА 1988 ГОДИНА

1. За поттикнување на технолошкиот развој на Југославија за 1988 година се утврдуваат средства во износ од 66.550,500.000.- динари

2. Средствата од точка 1 на оваа одлука ќе се обезбедат:

а) од изворните приходи на федерацијата во височина од 0,05% од проценетиот општествен производ на вкупното стопанство на Југославија за 1988 година, во износ од 44.367,000.000.- динари;

б) од придонесот на републиките и автономните покраини во височина од 0,025% од проценетиот општествен производ на вкупното стопанство на Југославија за 1988 година, во износ од 22.183,500.000.- динари.

3. Придонесот од точка 2 под б) на оваа одлука, по одделни републики и автономни покраини, изнесува, и тоа:

| | |
|---|---|
| СР Босна и Херцеговина | 2.988,117.400 |
| СР Македонија | 1.275,551.200 |
| СР Словенија | 3.890,985.900 |
| СР Србија надвор од териториите на автономните покраини | 5.206,467.000 |
| САП Војводина | 2.364,761.100 |
| САП Косово | 516,875.550 |
| СР Хрватска | 5.481,542.500 |
| СР Црна Гора | 459,198.450" |

Придонесот од оваа точка републиките и автономните покраини почнуваат да го уплатуваат на 10 јули 1988 година, во согласност со динамиката на втасувањето на обврските на сојузниот орган на управата надлежен за рботи на науката и технологијата спрема координаторите, во рок од осум дена од приемот на барањето, со тоа што вкупниот утврден износ мора да биде уплатен до крајот на годината.

4. Сојузниот орган на управата надлежен за работи на науката и технологијата ќе поднесе програма за користење на средствата, со преглед на иницијативите за формирање на проектите и програмите во 1988 година до Собранието на СФРЈ и истовремено ќе им ја достави на собранијата на републиките и автономните покраини до 30 јуни 1988 година.

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од 1 јануари 1988 година.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 360
30 декември 1987 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Марјан Рожич**, с. р.

Претседател
на Соборот на републиките
и покраините,
**Драшко Поповиќ**, с. р.

**1138.**

Врз основа на член 279 став 5, член 281 став 1 точка 18 и член 286 став 2 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со чл. 2 и 4 од Законот за обезбедување средства за регрес за вештачки ѓубрива, средства за заштита на растенијата и квалитетно сортно семе („Службен лист на СФРЈ", бр. 13/86 и 43/86), Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 30 декември 1987 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНИ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА РЕГРЕС ЗА ВЕШТАЧКИ ЃУБРИВА, СРЕДСТВА ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА И КВАЛИТЕТНО СОРТНО СЕМЕ ЗА 1987 ГОДИНА

1. Во Одлуката за утврдување на средствата за регрес за вештачки ѓубрива, средства за заштита на растенијата и квалитетно сортно семе за 1987 година („Службен лист на

СФРЈ", бр. 71/86) во точка 1 бројот: „80.000,000.000" се заменува со бројот: „105.000,000.000".

2. Во точка 3 бројот: „26.670,000.000" се заменува со бројот: „35.070,000.000", а бројот: „53.330,000.000" - со бројот: „69.930,000.000".

3. Точка 4 се менува и гласи:

„Придонесот од точка 3 на оваа одлука, по одделни републики и автономни покраини, изнесува, и тоа:

| | Динари |
|---|---|
| СР Босна и Херцеговина | 9.244,740.000 |
| СР Македонија | 3.930,060.000 |
| СР Словенија | 11.692,270.000 |
| СР Србија надвор од териториите на автономните покраини | 16.202,820.000 |
| САП Војводина | 6.720,270.000 |
| САП Косово | 1.727,270.000 |
| СР Хрватска | 17.950,820.000 |
| СР Црна Гора | 1.461,530.000" |

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 345
30 декември 1987 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Марјан Рожич**, с. р.

Претседател
на Соборот на републиките
и покраините,
**Драшко Поповиќ**, с. р.

## 1139.

Врз основа на член 281 став 1 точка 18 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 54 од Законот за основите на системот на стоковните резерви и за сојузните стоковни резерви, Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 30 декември 1987 година, донесе

# ОДЛУКА

## ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ И ДОПОЛНЕНИЈАТА НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА СОЈУЗНАТА ДИРЕКЦИЈА ЗА СТОКОВНИ РЕЗЕРВИ ЗА 1987 ГОДИНА

1. Се одобруваат Измените и дополненијата на Финансискиот план на Сојузната дирекција за стоковни резерви за 1987 година, бр. 013-594/3, што ги донесе Советот на Сојузната дирекција за стоковни резерви на седницата одржана на 28 декември 1987 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 396
30 декември 1987 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Марјан Рожич**, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
**Омер Курпејовиќ**, с. р.

## 1140.

Врз основа на член 281 став 1 точка 18 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 9 од Законот за Меморијалниот центар „Јосип Броз Тито", Собранието на СФРЈ, на предлог од Комисијата за избор и именувања, на седницата на Сојузниот собор од 30 декември 1987 година, донесе

# ОДЛУКА

## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА МЕМОРИЈАЛНИОТ ЦЕНТАР „ЈОСИП БРОЗ ТИТО" ОД РЕДОТ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

1. Се разрешува од должноста член на Советот на Меморијалниот центар „Јосип Броз Тито" Хакија Поздерац, порди престанување на функцијата член на Советот на федерацијата.

2. За член на Советот на Меморијалниот центар „Јосип Броз Тито" се именува Хајро Капетановиќ, член на Советот на федерацијата.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 389
30 декември 1987 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Марјан Рожич**, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
**Омер Курпејовиќ**, с. р.

## 1141.

Врз основа на член 322 став 1 од Уставот на Социјалистичка ФедеративнаРепублика Југославија, а во врска со Амандман IV точка 1 на Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Собранието на СФРЈ, на заедничката седница на Сојузниот собор и на Соборот на републиките и покраините од 29 декември 1987 година, донесе

# ОДЛУКА

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ИЗБОРОТ И ОБЈАВУВАЊЕ НА СОСТАВОТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

1. Се прогласува:

- дека за член на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија е избран Раиф Дизадаревиќ, од Социјалистичка Република Босна и Херцеговина.

2. Се објавува дека Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија го сочинуваат:

- од Социјалистичка Република Босна и Херцеговина, Раиф Дизадаревиќ;
- од Социјалистичка Република Македонија, Лазар Мојсов;
- од Социјалистичка Република Словенија, Стане Доланц;
- од Социјалистичка Република Србија, Никола Љубичиќ;
- од Социјалистичка Република Хрватска, Јосип Врховец;
- од Социјалистичка Република Црна Гора, Веселин Ѓурановиќ;
- од Социјалистичка Автономна Покраина Војводина, Радован Влајковиќ;
- од Социјалистичка Автономна Покраина Косово, Синан Хасани и

Бошко Круниќ, како претседател на Претседателството на Централнит комитет на Сојузот на комунистите на Југославија.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 383
29 декември 1987 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Марјан Рожич,** с. р.

Претседател
на Соборот на републиките и покраините,
**Драшко Поповиќ,** с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
**Омер Курпејовиќ,** с. р.

**1142.**

Врз основа на член 401 став 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 29 декември 1987 година, откако ги утврди Нацрт-амандманите на Уставот на СФРЈ, донесе

## ЗАКЛУЧОЦИ

1. Нацрт-амандманите на Уставот на СФРЈ се ставаат на јавна дискусија што ќе трае до 30 април 1988 година.

2. Јавната дискусија за Нацрт-амандманите на Уставот на СФРЈ, во согласност со неговата улога во политичкиот систем, ќе ја организира и ќе ја води Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија и резултатите од јавната дискусија ќе и ги достави на Комисијата на Собранието на СФРЈ за уставни прашања.

Работните луѓи и граѓаните и другите учесници во јавната дискусија можат своите забелешки, предлози и сугестии на Нацрт-амандманите на Уставот на СФРЈ да ги упатуваат и непосредно до Комисијата на Собранието на СФРЈ за уставни прашања.

3. Нацрт-амандманите на Уставот на СФРЈ со Образложението и со Резимето од расправата водена на седницата на Сојузниот собор од 29 декември 1987 година ќе бидат објавени во заедничкото делегатско Гласило на Собранието на СФРЈ и на собранијата на републиките и собранијата на автономните покраини и во средствата на јавното информирање.

4. Нацрт-амандманите на Уставот на СФРЈ им се доставуваат на мислење на собранијата на републиките и собранијата на автономните покраини.

Собранијата на републиките и собранијата на автономните покраини ќе ги достават своите мислења за Нацрт-амандманите на Уставот на СФРЈ најдоцна од 15 мај 1988 година.

5. Комисијата на Собранието на СФРЈ за уставни прашања ќе ја следи јавната дискусија за Нацрт-амандманите на Уставот на СФРЈ и, најдоцна три месеци по завршувањето на јавната дискусија, ќе подготви и ќе му поднесе на Сојузниот собор:

– Извештај за резултатите од јавната дискусија за Нацрт-амандманите на Уставот на СФРЈ;

– Текст на Предлог-амандманите на Уставот на СФРЈ и

– Текст на Предлогот на Уставниот закон за спроведување на амандманите на Уставот на СФРЈ.

Комисијата на Собранието на СФРЈ за уставни прашања ќе го подготви текстот на Предлог-амандманите на Уставот на СФРЈ, тргнувајќи од Нацрт-амандмните на Уставот на СФРЈ, мислењата на собранијата на републиките и на собранијата на автономните покраини, резултатите од јавната расправа и од забелешките, предлозите и сугеститие на текстот на Нацрт-амандманите на Уставот на СФРЈ изнесени на седниците на работните тела и на седницата на Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ.

6. Овие заклучоци ќе се објават во „Службен лист на СФРЈ".

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 175
29 декември 1987 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ
д-р **Марјан Рожич** с. р.

Претседател
на Сојузниот собор
**Омер Курпејовиќ,** с.р.

**1143.**

Врз основа на член 1 став 2 од Законот за посебна такса на увезените стоки („Службен лист на СФРЈ", бр. 31/70) Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА
### ЗА ПЛАЌАЊЕ НА ПОСЕБНА ТАКСА НА УВЕЗЕНИТЕ СТОКИ

1. На стоките што се увезуваат освен на стоките што се ослободени од плаќање на царина според одредбите на чл. 25 до 30 и одредбите на член 50 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76, 36/79, 52/79, 12/82, 61/82, 7/84, 25/85 и 38/86), односно на стоки за кои царината се плаќа по стапка согласно чл. 30 и 50 од Царинскиот закон во 1988 година се плаќа посебна такса на увезените стоки во височина од 4,8% од царинската основица.

Посебна такса од став 1 не се плаќа на стоките на кои според меѓународните договори не се плаќа царина.

2. Сојузната управа за царини води евиденција за увозот на стоки според оваа одлука. Евиденцијата содржи: назив на стоките, датум на увозот, вредноста за увезените стоки, износ на наплатената и износ на ненаплатената посебна такса на увезени стоки, називот на организацијата на здружен труд за која се увезуваат стоките, називот на републиката односно автономната покраина на чија територија е седиштето на организацијата на здружен труд за која се врши увозот, и за тие податоци се поднесуваат месечни извештаи до сојузниот орган на управата надлежен за работи на финансиите.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 469
30 декември 1987 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпредседател,
**Јанез Земљарич** с. р.

**1144.**

Врз основа на член 1 став 2 од Законот за плаќање на посебни давачки за израмнување на даночното оптоварување на увезените стоки („Службен лист на СФРЈ", бр. 63/80) во согласност со надлежните републички и покраински органи, Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА
### ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ПРИМЕНУВАЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СТОКИТЕ НА КОИ СЕ ПЛАЌА ПОСЕБНА ДАВАЧКА ЗА ИЗРАМНУВАЊЕ НА ДАНОЧНОТО ОПТОВАРУВАЊЕ НА УВЕЗЕНИТЕ СТОКИ ВО 1987 ГОДИНА

1. Се продолжува применувањето на Одлуката за определување на стоките на кои се плаќа посебна давачка за

израмнување на даночното оптоварување на увезените стоки во 1987 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 72/86 и 42/87) чие применување е продолжено со Одлуката за продолжување на применувањето на Одлуката за определување на стоките на кои се плаќа посебна давачка за израмнување на даночното опторување на увезените стоки во 1987 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 63/87) до 31 март 1988 година.

2. Оваа одлука се применува на увозот на стоки што се врши од 1 јануари до 31 март 1988 година.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 472
30 декември 1987 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Јанез Земљарич, с. р.**

## 1145.

Врз основа на чл. 16, 19 до 25, 64а и 66 став 2 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76, 41/81, 26/84 и 71/86), а во согласност со одредбите од Одлуката за целите и задачите на заедничката емисиона и парична политика и на заедничките основи на кредитната политика во 1988 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 87/87), Советот на гувернерите доенсува

## ОДЛУКА
### ЗА ПРИВРЕМЕНО УТВРДУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД ПРИМАРНАТА ЕМИСИЈА ВО 1988 ГОДИНА

1. Со оваа одлука привремено се утврдува учеството на средствата од примарната емисија во кредитите на банките за намените определени со Одлуката за целите и задачите на заедничката емисиона и парична политика и на заедничките основи на кредитната политика во 1988 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 87/87), до денот на влегувањто во сила на прописите за условите на користењето на примарната емисија во 1988 година.

2. Банките можат да ги користат средствата од примарната емисија за намените од точка 1 на оваа одлука под условите утврдени со Одлуката за условите за користење на примарната емисија во 1987 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 14/87, 24/87, 37/87, 42/87, 45/87, 49/87, 64/87, 72/87, 77/87 и 85/87) и со Одлуката за општите услови, за начинот и постапката за користење и враќање на примарната емисија („Службен лист на СФРЈ", бр. 14/84, 10/85 и 32/85), освен за:

1) купување на хартии од вредност и давање кредити на банките врз оснвоа на тие хартии - во височина до 28%;

2) краткорочни кредити дадени по основа на стоковно-парични работи во рамките на определени селективни намени, и тоа;

- за извоз на стоки и услуги за готово на конвертибилното подрачје - во височина до 28%, а на клириншкото подрачје - во височина до 24%;
- за извоз на стоки на комерцијален кредит - во височина до 23%;
- за извоз на стоки и услуги на кредит во земјите во развој - во височина до 31%;
- за извоз на опрема и бродови на кредит и за изведување на инвестициони работи во странство на кредит - во височина до 27%;
- за извоз на опрема и бродови на кредит и за изведување на инвестициони работи во странство на кредит, Народната банка на Југославија - Воениот сервис и Југословенската банка за меѓународна економска соработка, примарната емисија можат да ја користат во височина до 46%;
- за производство и погдотување на стоки за извоз - во височина до 16%;
- за подготовка на вршењето туристички услуги за странски туристи - во височина до 16%;
- за производство и подготовка на стоки за извоз по договорени работи што се наплатуваат во готово, а што ги финансира Меѓународната банка за обнова и развој, нејзините афилијации и ЕУРОФИМА - во височина до 19%;
- за побарувања од Меѓународната банка за обнова и развој по основа на извршени и платени работи и вградена опрема по инвестициони програми во Социјалистичка Федеративна Република Југославија - во височина до 31%;
- за побарувања чија наплата е одложена во согласност со посебен сојузен закон - во височина до 28%;
- за извоз што се реализира во рамките на заеднички програми за производство и извоз - во височина до 28%;
- за производство и подготовка што се рализираат во рамките на заедничките програми за производство и извоз чија наплата е договорена: до 20 дена - во височина до 28%; наплата на извозот што е договорена - до 30 дена - во височина до 23%, а наплата на извоз што е договорена во рок над 30 дена - во височина до 16%;
- за општествено организирано производство на пченица (меркантилна и семенска), пченка (меркантилна и семенска), сончоглед (меркантилен и семенски), соја, малсен репка, маслинки, оризова арпа, шеќерна репа и тутун - во височина до 23%;
- за општествено организирано гоење на добиток (говеда, свињи и овци), гоење на живина (пилиња, гуски, пајки и мисирки), гоење на риби и производство на млеко - во височина до 15%;
- за сезонски залихи на определени земјоделски и прехранбени производи, и тоа: пченица и оризова арпа - ориз - во височина до 42%; маслодајни култури (сончоглед, соја, маслена репка, маслинки, и семки од тикви) и сурово масло за јадење, шеќерна репа и шеќер, пченка и тутун - во височина до 35%;
- за сезонски залихи на трпезно грозје и јаболка во ладилници, залихи на вино во винарски визби на општествениот сектор, залихи на месо во ладилници и залихи на млечни преработки - во височина до 15%;
- за стоковни резерви на определени земјоделски и прехранбени производи, и тоа: меркантилна пченица - во височина до 42%, сурово масло за јадење и шеќер - во височина до 35%, а за други производи - во височина до 19%;
- за производство на вештачки ѓубрива - во височина до 15%, а за сезонски залихи - во височина до 25%;

3) дадени кредити за реализација на пролетната сеидба - во височина до 33%;

4) дадени кредити на граѓани за купување и изградба на станови и за изградба, купување и опремување на занеатчиски работилници, замјоделски деловни објекти и други деловни објекти за вршење на редовна дејност на граѓаните, врз основа на дефинитивна продажба на девизи од нивните девизни сметки и девизни штедни влогови - во височина до 15%.

3. Од 1 јануари 1988 година народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини престануваат да ги кредитираат следните намени:

- продажбата односно купувањето на домашна опрема, бродови и шински возила на кредит во земјата;
- залихите на јаглен од домашно производство и
- увотоз на определени производи.

Кредитите за намените од став 1 на оваа точка дадени до 31 декември 1987 година ќе се наплатуваат во согласност со договорените рокови од Одлуката за условите за користење на примарната емисија во 1987 година.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а се применува од 1 јануари 1988 година

О. бр. 172
31 декември 1987 година
Белград

Го заменува претседателот на
Советот на гувернерите
заменикот на гувернерот на
Народната банка на
Југославија,
**д-р Слободан Станоевиќ, с. р.**

**1146.**

Врз основа на член 16 и член 66 став 1 точка 15 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76, 41/81, 26/84 и 71/86), Советот на гувернерите донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА КУПУВАЊЕ НА ОПРЕДЕЛЕНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ОД СТРАНА НА НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА

1. Во Одлуката за купување на определени хартии од вредност од страна на Народната банка на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/83, 66/84 и 19/86) во точка 2 бројот: „90" се заменува со бројот: „30".

2. Одредбата на точка 1 од оваа одлука се однесува само на благајничките записи запишани по влегувањето во сила на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 171
28 декември 1987 година
Белград

Претседател на Советот на гувернерите
гувернер
на Народната банка на Југославија,
**Душан Влатковиќ**, с. р.

**1147.**

Врз основа на член 17 и на член 64а став 1 точка 3 и на член 66 став 2 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и на народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76, 41/81, 26/84 и 71/86), Советот на гувернерите донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНАТА РЕЗЕРВА НА БАНКИТЕ КАЈ НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА

1. Основните и здружените банки (во натамошниот текст: банките) се должни да ја пресметуваат и издвојуваат задолжителната резерва кај Народната банка на Југославија во височината, на начинот и во роковите што се утврдени со оваа одлука.

2. Задолжителната резерва, во смисла на оваа одлука, банките ја пресметуваат по стапка од 11,0% на вкупните депозити освен на следните депозити: средствата на девизното штедење и други девизни средства на граѓаните, средствата примени од Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини, средствата на депозитот што се примени на име помош на подрачјата пострадани од елементарни непогоди, средствата примени од други банки врз основа на Самоуправната спогодба за дополнителни средства за кредитирање на САП Косово и наменски собраните средства за вработување во смисла на прописите со кои се уредува собирањето и употребата на тие средства.

3. Задолжителната резерва, пресметана во смисла на оваа одлука, банките ја издвојуваат кај Народната банка на Југославија со пренесување на тие средства на посебна сметка на издвоената задолжителна резерва на банките што ја води Службата на општественото книговодство.

4. Задолжителната резерва од оваа одлука банките ја пресметуваат и издвојуваат месечно.

Пресметката на задолжителната резерва банките ја составуваат до 10-ти во месецот, според книговодствената состојба на средствата последниот ден од претходниот месец.

Задолжителната резерва утврдена во пресметката од став 2 на оваа точка, се издвојува на единаесетти во месецот во кој пресметката е составена и важи од тој ден до 10-ти наредниот месец заклучно.

Врз основа на привремената состојба на средствата на 31 декември и на крајот на тримесечјето за кое се изготвува периодична пресметка, банките составуваат во рокот од став 2 на оваа точка привремена пресметка на задолжителната резерва. По таа пресметка задолжителната резерва се издвојува во рокот од став 3 на оваа точка и важи во пресметковниот период од 11-ти текуштиот месец до рокот за поднесување на конечна пресметка на задолжителната резерва.

Конечната пресметка на задолжителната резерва од став 4 на оваа точка, банките ја составуваат врз основа на конечната книговодствена состојба, а најдоцна во рокот од пет дена од денот до кој се должни да ѝ поднесат на народната банка на републиката односно на народната банка на автономната покраина месечен извештај за конечната книговодствена состојба на своите сметки. До тој рок банките се должни по конечната пресметка да извршат корекција на издвоениот износ на задолжителната резерва. Издвоениот износ на задолжителната резерва по оваа пресметка важи од денот на издвојувањето до крајот на пресметковнот период т. е. до 10-ти во наредниот месец.

5. Пресметката на задолжителната резерва од точка 4 став 2 на оваа одлука, банката ја составува на образецот што го пропишува Народната банка на Југославија и до рокот од тој став ѝ го доставува на службата за општествено книговодство кај која се води жиро-сметката на банката.

Еден примерок на пресметката на задолжителната резерва банката ѝ доставува на народната банка на републиката односно народната банка на автономната покраина на чие подрачје се наоѓа седиштето на банката заради контрола на исправноста на пресметката.

Со пресметката на задолжителната резерва, банката поднесува соодветен налог за уплата, односно за враќање на разликата меѓу состојбата на задолжителната резерва на посебната сметка кај Службата за општествено книговодство и задолжителната резерва по поднесената пресметка.

6. Првата пресметка на задолжителната резерва според одредбите на оваа одлука, банките ќе ја извршат според состојбата на средствата на 31 декември 1987 година. Покрај пресметката, банките ќе поднесат соодветен налог за уплата, односно за враќање на разликата настаната меѓу состојбата на задолжителната резерва по таа пресметка и состојбата на задолжителната резерва на посебната сметка кај службата на општествено книговодство. Оваа разлика банките ќе ја уплатат односно наплатат во три еднакви рати и тоа: првата на 11 јануари, втората на 11 февруари и третата рата на 11 март 1988 година.

7. Упатството за применување на оваа одлука го дава Народната банка на Југославија.

8. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за задолжителната резерва на банките кај Народната банка на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 72/81, 6/83, 30/83, 45/83, 3/84, 25/84, 42/84, 44/84, 52/84, 40/85, 52/86, 68/86, 6/87, 21/87, 22/87, 32/87, 42/87, 50/87 и 62/87.

9. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 169
28 декември 1987 година
Белград

Претседател на Советот на гувернерите
гувернер
на Народната банка на Југославија,
**Душан Влатковиќ**, с. р.

**1148.**

Врз основа на член 64а став 1 точка 3 и член 66 став 2 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76, 41/81, 26/84 и 71/86), Советот на гувернерите донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНАТА РЕЗЕРВА НА ПОРАСТОТ НА КРЕДИТИТЕ И ДРУГИТЕ ПЛАСМАНИ НА БАНКИТЕ НАД ОПРЕДЕЛЕНОТО НИВО ВО 1988 ГОДИНА

1. Основните и здружените банки (во натамошниот текст: банките) се должни да ја пресметуваат и издвојуваат задолжителната резерва кај Народната банка на Југославија на остварениот пораст на динарските пласмани, по стапка од 25%.

По исклучок од одредбата на став 1 од оваа точка, банките ја пресметуваат и издвојуваат задолжителната резерва по пониска стапка на остварениот пораст на следните динарски пласмани, и тоа:

1) по стапка од 20% – на вкупниот пораст на пласманите на банките што се подржуваат со примарната емисија, и тоа на: пласманите за работи на извозот, пласманите за намени во земјоделството и пласманите за производство и залихи на вештачки ѓубрива;

2) по стапка од 0,1% – на вкупниот пораст на пласманите на банките дадени од средствата на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини, на пласманите за побрз развој на САП Косово и на пласманите за отстранување на последиците од земјотреси.

2. Задолжителната резерва, во смисла на оваа одлука, банките ја пресметуваат на износот на порастот на нивните динарски пласмани остварени во 1988 година во однос на книговодствената состојба на тие пласмани на 31 декември 1987 година.

3. Под динарски пласмани, во смисла на оваа одлука, се подразбираат пласманите во смисла на Методологијата на Народната банка на Југославија за утврдување на пласманите на банките.

4. Задолжителната резерва од оваа одлука банките ја пресметуваат и издвојуваат месечно.

Пресметката на задолжителната резерва банките ја составуваат до 11-ти во месецот според книговодствената состојба на пласманите на последниот ден на претходниот месец.

Задолжителната резерва утврдена во пресметката од став 2 на оваа точка се издвојува на 12-ти во месецот во кој е составена пресметката и важи од тој ден заклучно до 11 во наредниот месец.

По исклучок, задолжителната резерва пресметана според состојбата на пласманите на 31 декември 1987 година, а издвоена заклучно до 15 јануари 1988 година, важи до крајот на 1988 година.

5. По исклучок од точка 4 на оваа одлука, рокот за пресметка односно за издвојување на задолжителната резерва според состојбата на пласманите на 31 декември и на крајот на тримесечјето за кое се изработуваат периодични пресметки е 14-ти односно 15-ти во месецот.

6. Во поглед на стапката на надоместот, пресметувањето и плаќањето на надоместот на ненавремено и помалку издвоената задолжителна резерва, како и за користење на задолжителната резерва за одржување на дневната ликвидност на банките, сообразно се применуваат одредбите на Одлуката за надоместот што банките го плаќаат за помалку издвоена задолжителна резерва и за користење на здолжителната резерва за одржување на нивната дневна ликвидност („Службен лист на СФРЈ", бр. 87/87).

Во поглед на користењето на задолжителната резерва сообразно се применуваат одредбите на Одлуката за начинот и условите на корситење на задолжителната резерва на банките за одржување на нивната дневна ликвидност („Службен лист на СФРЈ", бр. 57/85).

7. Упатство за примена на оваа одлука, по потреба, дава Народната банка на Југославија.

8. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 170
28 декември 1987 година
Белград

Претседателот на Советот
на гувернерите
гувернер
на Народната банка на
Југославија,
д-р **Душан Влатковиќ**, с. р.

**1149.**

Врз основа на член 22 и член 66 став 1 точка 15 од Законот за Народната банка на Југославија и единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76, 41/81, 26/84 и 71/86), во согласност со Сојузниот извршен совет, Советот на гувернерите донесува

## ОДЛУКА

### ЗА КАМАТНИТЕ СТАПКИ НА ПЛАСМАНИТЕ ОД ПРИМАРНАТА ЕМИСИЈА И НА ДРУГИ ПОБАРУВАЊА НА НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА

1. Народната банка на Југославија, народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини (во натамошниот текст: народните банки), на пласманите од примарната емисија, како и на сите други побарувања на Народната банка на Југославија (во натамошниот текст: пласманите од примарната емисија) пресметуваат и наплатуваат камата по есконтна стапка на Народната банка на Југославија, ако со сојузен пропис не е поинаку определено.

2. На износот на пласманите од примарната емисија што не е вратен во договорениот рок и што се користи спротивно на прописите, односно ненаменски, народните банки наплатуваат камата по стапка што е за 50% поголема од есконтната стапка.

Народните банки наплатуваат камата по стапката од став 1 на оваа точка и на износот на користени средства преку износот на расположливото покритие на нивна жиро-сметка од банките и од другите финансиски организации од член 16 ст. 6 и 7 на Законот за Народната банка на Југославија и единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини.

3. Народните банки, во договорите за користење на примарната емисија, ќе предвидат одредба за променливоста на каматните стапки во согласност со промените на каматните стапки на пласманите од примарната емисија во смисла на оваа одлука.

4. Есконтната стапка на Народната банка на Југославија ќе се усогласува месечно со стапката на инфлацијата сметано врз основа на остварениот растеж на цените на мало во претходниот месец.

Есконтната стапка ќе биде поголема за 2 процентни поени од стапката на инфлацијата, сметано во смисла на став 1 од оваа точка.

5. Народната банка на Југославија ќе ја соопштува височината на каматните стапки од оваа одлука, најкасно до петти во месецот за тековниот месец, врз основа на соопштението на Сојузниот завод за статистика за оствареното движење на цените на мало во претходниот месец.

6. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за каматните стапки на пласманите од примарната емисија и на другите побарувања на Народната банка на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 72/86, 19/87, 21/87, 42/87, 63/87 и 70/87).

7. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 168
29 декември 1987 година
Белград

Го заменува
претседателот на Советот на
гувернерите
заменик на гувернерот
на Народната банка на
Југославија,
д-р **Слободан Станоевиќ**, с. р.

**1150.**

Врз основа на член 7 став 2, а во врска со член 17 ст. 7 и 8, член 22 и член 66 став 1 точка 15 од Законот за Народната банка на Југославија и единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76, 41/81, 26/84 и 71/86), во согласност со Сојузниот извршен совет, Советот на гувернерите донесува

## ОДЛУКА

### ЗА НАДОМЕСТОТ ШТО БАНКИТЕ ГО ПЛАЌААТ ЗА ПОМАЛКУ ИЗДВОЕНА ЗАДОЛЖИТЕЛНА РЕЗЕРВА И ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЗАДОЛЖИТЕЛНА РЕЗЕРВА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА НИВНАТА ДНЕВНА ЛИКВИДНОСТ

1. Основните и здружените банки (во натамошниот текст: банките) што не пресметале правилно или во рок не издвоиле задолжителна резерва во смисла на прописите за задолжителна резерва, се должни да ѝ платат на Народната банка на Југославија надомест за помалку издвоен износ на задолжителна резерва по стапка што е за 80% поголема од есконтната стапка на Народната банка на Југославија.

Банките што користат средства на задолжителна резерва за одржување на својата дневна ликвидност, се должни на Народната банка на Југославија да ѝ платат надомест на користениот износ на средства на задолжителна резерва по стапка што е за 50% поголема од есконтната стапка на Народната банка на Југославија.

Надоместот од ст. 1 и 2 на оваа точка, банките го пресметуваат и плаќаат месечно. Пресметка на надоместот заедно со налогот за уплата на надоместот, банките поднесуваат до Службата на општественото книговодство до десетти во месецот за претходниот месец, истовремено со поднесувањето на пресметката на задолжителната резерва.

По исклучок, од став 3 на оваа точка, ако надлежниот орган на контролата дополнително утврди неправилност во прметувањето и издвојувањето на задолжителната резерва за изминатите пресметковни периоди, банката ќе состави посебна пресметка за плаќање на надоместот од став 1 на оваа точка на Народната банка на Југослвија, и тоа за сите периоди во кои задолжителната резерва е неправилно пресметана и издвоена. Таа пресметка, со налогот за уплата на надоместот, банката го поднесува до Службата на општественото книговодство во рок од 20 дена од кога е утврдена неправилноста, односно во рокот што ќе го определи надлежниот орган за контрола.

Еден примерок на пресметката на надоместот што го составуваат банките во смислана ст. 3 и 4 на оваа точка, се доставува и до народната банка на републиката односно народната банка на автономната покраина која врши контрола на таа пресметка.

2. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за надомест за користење на задолжителна резерва за одржување на дневната ликвидност на банките („Службен лист на СФРЈ", бр. 35/86, 72/86, 23/87, 42/87 и 63/87).

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 167
29 декември 1987 година
Белград

Го заменува претседателот на
Советот на гувернерите
заменик на гувернерот
на Народната банка на
Југославија,
д-р **Слободан Станоевиќ**, с. р.

**1151.**

Врз основа на член 99 став 1 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 66/85, 38/86, 67/86 и 43/87) сојузниот секретар за надворешна трговија донесува

## НАРЕДБА

### ЗА НАЧИНОТ НА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПРИЈАВИ ЗА СКЛУЧЕНИ ДОГОВОРИ ЗА НАДВОРЕШНОТРГОВСКИ ПРОМЕТ ПОДНЕСЕНИ ДО 31 ДЕКЕМВРИ 1987 ГОДИНА СО ПРОПИСИТЕ ЗА ИЗВОЗ И УВОЗ ШТО СЕ ПРИМЕНУВААТ ВО 1988 ГОДИНА

1. Организациите на здружен труд и други општествени правни лица (во натамошниот текст: организациите на здружен труд), по пријавите за склучени договори за извоз на стоки по основ на контингенти и дозволи, што народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини (во натамошниот текст: народните банки) ги прифатиле до 31 декември 1987 година, а по кои не е во целост извршен извоз до тој ден, за вредноста на извозот што ќе се изврши во 1988 година поднесуваат пријава со повикување на бројот и датумот на порано прифатената пријава. Со пријавата се поднесуваат исправи за правото на извоз во 1988 година.

2. Организациите на здружен труд, по пријавите за склужени договори за увоз на стоки што народните банки ги прифатиле до 31 декември 1987 година, а по кои не е во целост извршен увоз до тој ден, за вредноста на стоките што ги увезуваат во 1988 година поднесуваат пријава, со повикување на бројот и датумот на порано прифатената пријава, со која поднесуваат исправи за правото на увоз по таа пријава во 1988 година, и тоа:

1) за увозот на суровини и репродукционен материјал:

– по основ на условно-слободен увоз што се плаќа во конвертибилни девизи – потврда за товарење на општествено признатите репродукциони потреби за 1988 година за вредноста на стоките што се увезуваат во таа година, освен ако со посебни прописи е предвидено таа потврда да не се поднесува;

– по основ на контингенти – потврда на овластената банка дека за вредноста на увозот во 1988 година е товарен контингентот на организацијата на здружен труд за увоз во 1988 година;

– по основ на дозвола – дозволата на која не ѝ истекнал рокот односно нова дозвола.

2) за увозот на опрема:

– по основ на контингенти – потврда на овластената банка дека за вредноста на увозот во 1988 година е товарен контигентот на организацијата на здружен труд за увоз во 1988 година;

– по основ на дозвола – дозволата на која не ѝ истекнал рокот односно нова дозвола.

За увозот на опрема што се плаќа во конвертибилни девизи, по сите форми на увозот, освен слободен увоз, со пријавата се поднесува, покрај исправата од оваа точка и потврда од овластената банка за товарењето на обемот на плаќањата на увозот на опрема на организацијата на здружен труд по основ на амортизација на опремата и на остварениот извоз, ако при поднесувањето на пријавата во 1987 година за увоз на кредит и со динамиката на увозот во повеќе години тие права не се товарени.

3) за увозот на стоки за широка потрошувачка:

- по основ на контингенти - потврда од овластената банка дека за вредноста на увозот во 1988 година е товарен контингентот на организацијата на здружен труд за увоз во 1988 година;

- за увоз по основ на дозвола - дозволата на која не ѝ истекнал рокот односно нова дозвола.

За увозот на стоки за широка потрошувачка што се плаќа во конвертибилни девизи, по сите форми на увозот, освен слободен увоз, со пријавата се поднесува, покрај исправата од оваа точка и потврда од овластената банка за товарење на обемот на плаќањето на увозот на стоки за широка потрошувачка во 1988 година;

4) за увоз на стоки што се плаќаат по одредбите на член 127 од Законот за девизното работење („Службен лист на СФРЈ" бр. 66/85 и 71/86), се поднесува потврда за товарењето на обемот на правото на плаќање увозот на стоки од обласга на туризмот и угостителството, за износот на увозот што се врши во 1988 година. Ако стоките се увезуваат по основ на контингентот се поднесува и потврда од овластената банка дека за вредноста на увозот во 1988 година е товарен контингентот на организацијата на здружен труд за увоз во 1988 година, а ако стоките се увезуваат по основ на дозвола - и дозволата на која не ѝ истекнал рокот односно нова дозвола.

За увозот на опрема за потребите на организациите на здружен труд од одредбата под 4 на оваа точка со пријавата се поднесува и потврда од овластената банка за товарење на обемот на плаќањето на увозот на опрема на односната организација на здружен труд по основ на амортизација на опремата и остварениот извоз, ако при поднесувањето на пријавата во 1987 година тие права не се товарени;

5) за увозот на стоки што се плаќаат по одредбите на чл. 132 и 134 од Законот за девизното работење се поднесува потврда за товарењето на обемот на правото на плаќање и тоа за износот на увозот што се плаќа во 1988 година по таа пријава, ако се увезува опрема по основ на контингентот се поднесува и потврда од соодветното здружение дека домашните производители не се во можност да ја испорачаат односната опрема по количество, квалитет и во определен рок, а ако се увезува опрема по основ на дозвола и дозволата на која не ѝ истекнал рокот односно нова дозвола;

6) за извозот и увозот на стоки во малограничниот промет и во рамките на саемските компензациони работи, се поднесува потврда за товарењето на обемот на правата на извоз и увоз по тие работи за вредноста на стоките што се увезуваат во 1988 година по пријавите поднесени до 31 декември 1987 година. Ако се извезуваат и увезуваат стоки по основ на контингентот се поднесува и потврда од овластената банка дека за вредноста на стоките што се извезуваат и увезуваат во 1988 година е товарен контингентот на организацијата на здружен труд за 1988 година, ако се извезуваат и увезуваат стоки по основ на дозвола - и дозволата на која не ѝ истекнал рокот односно нова дозвола.

3. За стоките од точ. 1 и 2 на оваа наредба чиј извоз и увоз регионално се насочуваат, со пријавата се поднесува и согласност на која не ѝ истекнал рокот односно нова согласност.

4. За увоз на суровини, репродукционен материјал, опрема и стоки за широка потрошувачка, кои во 1988 година се увезуваат по основ на слободен увоз, како и за увоз на резервни делови за одржување на увозна опрема по пријавите што народните банки ги прифатиле до 31 декември 1987 година, организациите на здружен труд ги рекламираат порано поднесените пријави за вредноста на увозот во 1988 година.

5. По пријавите што народните банки ги прифатиле до 31 декември 1987 година, за увозот на опрема и материјал по основ на договор за отстапување изградба на инвестиционен објект на странски изведувач во 1988 година, организациите на здружен труд поднесуваат одобрение за увозот на опрема односно на материјал издадено по одредбите на Законот за отстапување изградба на инвестиционен објект на странски изведувач („Службен лист на СФРЈ", бр. 24/76 и 36/79), со кое се заменува правото на увоз по основ на контингенти и дозвола.

6. Организациите на здружен труд се должни пријавите од оваа наредба да ги поднесат најдоцна до 31 март 1988 година.

7. Одредбите на оваа наредба се однесуваат и на налозите за плаќање (образец 1450) за стоките што организациите на здружен труд ги купуваат од консигнационите складови на странски лица воЈугославија.

8. Поднесувањето на пријава на начинот утврден во точка 4 од оваа наредба се применува и на:

а) стоките што во 1988 година се увезуваат по основ на условно слободен увоз од земјите со кои се склучени договори за клириншки начин на плаќање;

б) извозот и увозот на стоки што се врши по договорите за долгорочна производствена кооперација со странство и увозот на стоки кој претставува влог на странското лице во домашна организација на здружен труд;

в) извозот и увозот на предмети на вооружување и воена опрема, што го врши Сојузната дирекција за промет и резерви на производи со посебна замена, односно организацијата на здружен труд што добива одобрение од Сојузниот секретаријат за народна одбрана за вршење на тој промет, во рамките на утврдените права од член 132 на Законот за девизното работење, ако пријавата за склучениот договор за увоз ѝ е поднесена на Народната банка на Југославија - Воениот сервис до 31 декември 1987 година.

9. Одредбите на оваа наредба не се однесуваат на увозот за кој не се поднесува пријава за склучени договори за увоз во смисла на точка 8 од Наредбата за поднесување на пријави за склучени договори за надворешнотрговски промет („Службен лист на СФРЈ" бр. 72/85 и 7/86).

10. Одредбите на оваа наредба не се однесуваат на увозот што се врши по одредбите на Одлуката за видот и количеството односно вредноста на предметите што физички лица можат да ги увезуваат и извезуваат („Службен лист на СФРЈ", бр. 21/86, 44/86, 3/87, 52/87 и 57/87).

11. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

П. бр. 26002
21 декември 1987 година
Белград

Сојузен секретар
за надворешна трговија
**Ненад Крекиќ**, с. р.

# ОДЛИКУВАЊА

## УКАЗ

### ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

- врз основа на член 315 точка 8 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се

одликуваат:

Од сојузните органи и организации

- за извонредна самопрегорна работа и залагање, за висок спортски дух и морал и за највисоки спортски дометии крунисани со освојување на златен медал и на титула светски првак, како и за други победи и успеси во ватерполо спортот

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

Ватерполо репрезентацијата на Југославија;

- за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Петковски Ѓорѓа др Борис;

- за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Рудиќ Јакова Ратко;

- за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Ђуриќ Луке Славко, Гостовиќ Милана Бранко, Мургашки Светозара Митар;

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Царевиќ Петра Владимир;

Од СР Босна и Херцеговина

- по повод четириесетгодишнината од постоењето, а за особени заслуги во развивањето на спортскиот риболов и за значаен придонес за унапредување на рибарството и заштита на човековата околина

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Спортско-риболовниот сојуз на Босна и Херцеговина - Сараево;

- по повод четириесетгодишнината од постоењето, а за особени заслуги во собирањето, заштитата, презентацијата и популаризирањето на ликовното творештво, како и за значаен придонес на ширењето на ликовната култура

Уметничката галерија на Босна и Херцеговина - Сараево;

- по повод триесетгодишнината од постоењето, а за особени заслуги и успеси постигнати во развивањето на извидничката дејност и за придонес ка ширењето на братството и единството помеѓу нашите народи и народности

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Партизанскиот одред на извидниците „Максим Кујунџиќ" - Коњиц;

- по повод педесетгодишнината од постоењето, а за особени заслуги и успеси постигнати во работата од значење за стопанскиот напредок на земјата и за придонес во ширењето на прогресивните идеи

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

РО Рудници на мрк јаглен „Ђурђевиќ" - Ѓурѓевик;

- по повод дваесетпетгодишнината од постоењето, а за особени заслуги и успеси постигнати во работата од значење за стопанскиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

УНИС - Творница акумулатора „Тесла" - Брчко;

- за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува на општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Божиќ Луке Рајко, Јанковиќ Симе Живорад, Јовиќ Косте Бошко, Круниќ Живка Рајко, Лончаревиќ Раме Рахман, Мајушевиќ Николе Бранко, Шурбат Илије др Ранко, Танасковиќ Милорада Драгиша;

- за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

Пајиќ-Валентиќ Алојза Лујза;

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Гатало Ристе Велимир, Клобучар Јосипа Јанко;

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Пашовиќ Халима Хасан;

- за особени заслуги во создавањето и ширењето на братството и единството помеѓу нашите народи и народности

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Дошеновиќ-Будимир Јове Олга;

- за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Ќеќез Мирка др Момир, Гудељевиќ Илије Иво, Шкрбиќ Мирка др Славко;

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Петковиќ Саве Симо;

Од СР Хрватска

- по повод триесетгодишнината од постоењето, а за особени заслуги и успеси постигнати во работата од значење за стопанскиот напредок на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Атлантска пловидба - Дубровник;

- за заслуги и успеси постигнати во младинската доброволна работа и за придонес во негувањето на револуционерните традиции и на социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Младинска работна бригада „12. приморско-горанска ударна бригада" - Риека;

- за заслуги и успеси постигнати во работата од значење за развојот и Унапредувањето на угостителско-туристичкото стопанство

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Угоститељска работна организација „Загребачки плави" - Загреб;

- за долгогодишна револуционерна работа и за особени заслуги во јакнењето на свеста на нашите граѓани за слобода и независност на земјата, како и за значаен придонес на изградбата на социјалистичкото самоуправно општество

СО ОРДЕН ЈУГОСЛОВЕНСКО ЗНАМЕ СО ЛЕНТА

Баста Николе Милан;

- за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Бабиќ Петра Винко, Балтиќ Ђуре Дамјан, Чубриќ Шиме Виктор, Грубишиќ Ивана Јосип, Гушиќ-Хенеберг Вечеслава Маријана, Малиќариќ Мате Мито, Мећава Алексе Ђуро, Меиќ Шиме Миќе, Почекај Петра Бранко, Тадин Миќо Дује, Вуко Мише Иван;

- за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

Брчиќ Јосипа др Јосип, Франчиќ Божо др Божидар, Кожул Николе Никола, Лончар Ивана Владимир, Ракела Јожице Здравко, посмртно, Лукас Ивана Славко, Магиќ Вице Драгомир, Свечњак Ивана Вилим, Вујновиќ Шиме Милан;

- за особени заслуги во создавањето и ширењето на братството и единството помеѓу нашите народи и народности

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Петричевиќ Јосипа Фрањо, Шакиќ-Гиздиќ Фране Јела;

за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Бек Стејапана Владимир, Дубровиќ Фрање Маријан, Франичевиќ Мате др Јосип, Плачковиќ Теодора Миливој;

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Претењача Јакова Вице, Вуксан-Димиќ Боже Софија;

Од СР Македонија

- по повод четириесетгодишнината од постоењето, а за особени заслуги и успеси постигнати во областа на издавачката дејност, како и за придонес во ширењето на просветата и културата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Издавачка работна организација „Култура" - Скопје;

- за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Коцевска-Гоцева Ефтим Љубица, Тренчовски Илија Киро;

- за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Кочубовски Више Васил, Синадиновски Софрониј Јаќим, Влашки Ефтим Ѓорѓи;

Од СР Словенија

- по повод шеесетгодишнината од постоењето, а за заслуги во негувањето на хорското пеење и за придонес во развивањето на културно-забавниот живот

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Машкиот хор „Лошки глас" - Кисовец - Локе;

- по повод четириесетгодишнината од постоењето, а за особени заслуги и успеси постигнати во научноистражувачката работа во областа на хемиските науки и за придонес во стопанскиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Хемиски институт „Борис Кидрич" - Љубљана;

- по повод четириесетгодишнината од постоењето, а за особени заслуги и успеси постигнати во работата од значење за стопанскиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

ДОНИТ, хемиска индустрија - Медводе;

- по повод дваесетгодишнината од постоењето, а за особени заслуги и успеси постигнати во работата од значење за стопанскиот напредок на земјата

Електро Љубљана - Работна организација за дистрибуција на електрична енергија - Љубљана;

- по повод триесетгодишнината од постоењето, а за особени заслуги во формирањето на стручен и научен кадар, со што е сторен значаен придонес за стопанскиот напредок на земјата

ВРО Факултет за природни науки и технологија, ВООУР Текстилна технологија - Љубљана;

- за особени заслуги и успеси постигнати во формирањето на стручен и научен кадар и за значаен придонес за стопанскиот напредок на земјата

ВООУР за ветеринарство на Биотехничкиот факултет во Љубљана;

- по повод четириесетгодишнината од постоењето, а за заслуги и успеси постигнати во работата од значење за стопанскиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

РО ДИНОС - Љубљана;

- за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува за општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Фалескини Рудолфа Звонко, Кланшек Макс Макс, Рибичич Митја др Цирил, Сагадин-Бајук Јоже Станка, Варга Франц Александар, Вичар-Зупанчич Јанеза Марија, Вошњак-Бавдаж Алојз Вера;

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО БРОНЗЕН ВЕНЕЦ

Фертин Франц Бојан;

- за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Арко-Раковец Карел Јудита, Годец Јоже Иван;

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Кошута Јосип Јосип, Шуштаршич Игнац Борис;

- за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Јанжич Франц Владо, Потрч Иван Миран, Равник Јоже Миха, Разпет Јакоб Рафаел, Винклер Венцеслав др Изток, Вонта Иван Јоже;

Од СР Србија

- по повод дваесетгодишнината од постоењето, а за особени заслуги и успеси постигнати во основното образование и воспитувањето на младите генерации, како и за придонес кон ширењето на просветата и културата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

ООУР Основна школа „Браќа Рибар" - Доња Борина, Мали Зворник;

– за особени заслуги и успеси постигнати во основното образование и воспитување на младите генераци, како и за придонес кон ширењето на просветата и културата

2. ООУР Основна школа „14 октобар" – Баточина

– по повод стодесетгодишнината од постоењето, а за особени заслуги и успеси постигнати во развивањето на хуманитарните активности и социјалната заштита, како и за придонес кон ширењето на здравствената култура

Општинска организација на Црвениот крст – Књажевац;

по повод четириесетгодишнината од постоењето, а за заслуги во приближувањето на книгата кон читателите и унапредувањето на библиотекарството, како и за придонес кон ширењето на просветата и културата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА SВЕЗДА

Народна библиотека „Вук Караџиќ" – Белград;

– по повод дваесетпетгодишнината од постоењето, а за особени заслуги во развивањето и унапредувањето на индустријата на обувки и за придонес кон стопанскиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Индустрија на обувки и пластика „Леда" – Књажевац;

– по повод триесетгодишнината од постоењето, а за особени заслуги и успеси постигнати во работата од значење за стопанскиот напредок на земјата

Текстилен комбинат „Рашка" – Нови Пазар;

– по повод дваесетипетгодишнината од постоењето, а за особени заслуги и успеси во формирањето на стручен и научен кадар, со што е сторен значаен придонес кон стопанскиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Машинскиот факултет во Ниш;

– по повод триесетгодишнината од постоењето, а за особени заслуги и успеси постигнати во работата од значење за стопанскиот напредок на земјата

РО Фабрика на обоени метали „Ђуро Салај" – Ниш;

– по повод четириесетгодишнината од постоењето, а за особени заслуги и успеси постигнати во работата од значење за развојот и унапредувањето на угостителско-туристичкото стопанство

Угостителско-туристичката работна организација „Крагујевац" – Крагуевац;

– за особени заслуги и успеси постигнати во унапредувањето на земјоделското производство и за придонес кон развивањето на задругарството и социјалистичката преобразба на село

Земјоделската организација „Војин Поповиќ" – Нови Пазар;

– за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Чотра Милована Душан, Ђого Ћетка Петар, Ђорђевиќ-Станиќ Јелене Даринка, Гаговиќ Мијушка Радивоје, Гошовиќ-Вељиќ Милије Марица, Ивановиќ Станка Драго, Куљача Марка Иван, Томиќ Божидара Драгољуб, Вукадиновиќ Петра Драгољуб, Вукашиновиќ Миливоје Гојко;

за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА SВЕЗДА

Орлиќ Дане Никола, Радојичиќ Чедомира Јордан, Вучевиќ Тодора Предраг;

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Ивковиќ Димитрија др Добросав;

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА SВЕЗДА

Кнежевиќ Драгана Рајко, Мартиновиќ Милана Божидар;

– за особени заслуги во создавањето и ширењето на братството и единството помеѓу нашите народи и народности

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Грбиќ Ђуре Лука, Јокановиќ-Стеванчевиќ Јеврема др Росанда, Матијашевиќ Ђуре Станко;

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Пупиќ-Ивановиќ Миле Зорка;

– за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

